Информативно гласило на Општина Битола,
Октомври 2026, бесплатен примерок
www.bitola.gov.mk

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР

2026





Идеи преточени во дела

Почитувани сограѓани, драги мои битолчани,
Проекти, континуитет, стратешко планирање и јасна визија, се главните столбови врз кои се темели работата на оваа локална самоуправа. Иднината на Битола ја градиме со почит кон нејзината историја, со зачувување на наследството од нашите предци и со развојна определба, преточена во конкретна работа. Таа се создава со придонесот на секој поединец и со одговорноста на локалната самоуправа да вложува во развојот на градот и на целата општина. Тоа значи дека, секој дел од урбаниот и руралниот простор на нашата општина, заслужува посебно внимание и грижа. На 4 Ноември 2026 година, кога одбележуваме 82 години од ослободувањето на Битола, со гордост за постигнатото и со одговорност за она што треба да го реализираме, пред Вас ги претставувам резултатите од првата година на нашиот втор мандат. Врз создаденото во претходниот мандат, продолжуваме со инвестиции и проекти што носат видливи промени и го подобруваат секојдневието на граѓаните. Постигнатото ни дава увереност во насоката по која се движиме, а предизвиците што остануваат бараат самокритичност, истрајност и уште поголема посветеност. Довербата што ни ја дадовте за нас значи обврска - секоја година да ја оправдуваме со нови дела за подобра иднина на Битола.

Битола мора да се развива како град на сите нејзини жители, модерен град, град на културата, туризмот, спортот, вело град, конзулски град, град на фетсивалите кои се и наши амбасадори во светот. Низ страниците што следуваат, со конкретни активности, ќе Ве потсетиме што се работевме и правевме за нашето, заедничко подобро утре, за Вашите предлози, барања и идеи и нашиот ангажман, секој денар од општинскиот буџет наменски да го вложиме, но и да обезбедиме дополнителни средства од Владата и други меѓународни фондови, се со цел да создадеме можности за инвестиции на повеќе локации. Бројката од 180 проекти за Битола, доволно зборува дека градот влегува во нова развојна ера, која не познава дневна политика, туку долгорочен стратешки процес. Ова го потврдуваат проектите финансирани од буџетот на Општина Битола, но и рекордниот број од 80 проекти финансирани на двата повици од Владата преку унгарскиот кредит, од кои голем дел се завршени, а дел се во напредна фаза. Во изминатите месеци континуирано работевме на уличната инфраструктура со сите пропратни елементи, на училишната спортска инфраструктура, инвестиравме во образованието, ги комплетиравме згрижувачките капацитети, имавме културни и спортски настани кои Битола високо ја издигнуваат на мапата на Македонија, но и на Балканот. Во изминатата една година, имаме над 10 км обновена и новоизградена патна инфраструктура во урбаниот и руралниот дел на нашата општина. Инвестиции во водоводната и канализационата мрежа во должина од над 3 километри, реконструкција и изградба на 24 спортски училишни терени и четири типски спортски сали, 220 нови паркинг места на некогашните узурпирани градски простори или како дел од новоизградените улици. Изграден е простор за згрижување на 475 деца преку адаптација на новата градинка „Пчеличка" која ја отворивме во домот за доенчиња и мали деца и каде се згрижени 76 деца. Градинката во Нова Битола која ќе згрижува 153 деца очекувам наскоро да започне со работа, а интензивно се работи на градинката во комплексот АРМ каде идната година листата на чекање ќе биде намалена за уште 246 деца. Изградбата на новата зграда на територијалната противпожарната единица е во завршна фаза, како и новата боксерска сала, а ќе имаме и нови спортски терени и многу други проекти. Во овој период бележиме и подобрување на економската слика преку новите инвестиции во градот. Работиме транспарентно со висок интегритет и отчетност, во интерес на граѓаните и секоја Ваша забелешка, почитувани сограѓани, ја прифаќавме како конструктивно насочување и нов предизвик да се добие најдоброто за Битола.Додека со внимание се грижиме за историјата и традицијата, младите луѓе ги ставаме на врвот на нашите приоритети. Тие имаат право да сонуваат за сопствената иднина дома, во својот град, а наше е, кон тоа да придонесеме со сите расположливи ресурси кои ќе им покажат дека Битола навистина се менува на подобро. Сите заедно продолжуваме по зацртаната стратегија за поуспешна и поубава Битола, за чиј напредок најдобар индикатор се повратните информации од секој жител на општината. Работата продолжува, а делата нека бидат потврда за нејзиниот резултат.

Градоначалник на Општина Битола
Тони Коњановски


Младите се нашата иднина

НОВА СПОРТСКА ИНФРАСТРУКТУРА-ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА МЛАДИТЕ

Младите се нашата иднина


СВЕТНАА НОВИТЕ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА

Кога се има идеја, визија, кога се слуша гласот на граѓаните и кога многу посветено се работи, резултатите ја дочекуваат светлината на денот, а во конкретниот случај и светлината на ноќта.Така е на три локации во Битола, каде светнаа новите спортски игралишта. Едните спортски училишни терени во Нова Битола, другите исто така спортски училишни терени во населбата Горно Оризари, третите во населбата Стрелиште.





Во меѓувреме општината работи и на други терени, во други училишта кои ќе ја променат сликата во битолското образование, ќе дадат додадена вредност на спортскиот дух и ќе бидат дел од битолската успешна спортска приказна.



Младите се нашата иднина

МОДЕРНИ СПОРТСКИ ТЕРЕНИ ВО ОУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"





И ОУ „Гоце Делчев" доби нови модерни спортски училишни терени. Летово со забрзана динамика се работеше и во ова училиште. Изградени се две повеќенаменски игралишта, едното за мал фудбал и ракомет, а другото за кошарка. Вкупната површина под асфалт е 2700 м2, а двата спортски терени се со тартан подлога. Игралиштата се оградени, осветлени, опремени со спортски реквизити и урбана опрема.
Вкупната сума на проектот изнесува 14.280.422 денари.

НОВИ СПОРТСКИ ТЕРЕНИ ВО ТУРСКОТО УЧИЛИШТЕ





Се асфалтираа и спортските терени во познатото во јавноста како турско училиште што е дел од ОУ „Гоце Делчев". Се работи за два спортски терени, едниот терен за ракомет и мал фудбал, а другиот за кошарка. Под асфалтна површина се 837 м2, а спортските игралишта имаат тартан подлога. Зелени површини, површини под бехатон плочки, реквизити, осветлување и урбана опрема. Вредноста на договорот е 7.497.068 денари.

Младите се нашата иднина

ИЗГРАДЕНИ НОВИТЕ СПОРТСКИ ИГРАЛИШТА ВО ОУ „ЃОРЃИ СУГАРЕВ"





Трите игралишта се на површина од 2457 м2, а средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Битола и се во висина од 18.100.000 денари. Со ова учениците ќе добија нови модерни терени за изведување на наставата по физичко образование..

Крајот на јуни започнаа реконструктивните зафати на спортските игралишта во ОУ „Ѓорѓи Сугарев". За речиси еден месец среде лето работите стигнаа до асфалтирање на новите спортски терени. Се работи за три спортски игралишта, едното за кошарка, другото за одбојка и третото комбинирано за ракомет и мал фудбал.



Младите се нашата иднина

СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ ВО ОУ „ДАМЕ ГРУЕВ" ДОБИВААТ НОВ ЛИК

Се асфалтираа спортските игралишта во дворот на ОУ „Даме Груев", што е проект од вториот владин повик, преку министерството за образование и наука. Станува збор за отворени повеќенаменски игралишта во училишниот двор и тоа терени за ракомет, кошарка и одбојка со вкупна површина од 1311 м2.
Околу терените и пешачка патека со бехатон на површина од 294 м2, асфалтирање на пристапниот дел до игралиштата, паркинг простор, хортикултурно уредување и поставување на урбана опрема. Вкупната сума на проектот е 15.507.414 денари.






ТРИ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА БИТОЛА ДОБИВААТ ТИПСКИ УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ САЛИ





Се работи на изградба на типска училишна спортска сала во дворот на ОУ „Стив Наумов" Битола.Фискултурна сала ќе биде на површина од 650 м2, а ќе биде наменета за спортски и рекреативни активности во мали спортови како кошарка, одбојка, гимнастика, ракомет, пинг понг и други спортови поврзани со училишното образование. Вкупната вредност на проектот е 48.297.406 денари и се средства од вториот владин повик преку Министерството за образование и наука, а дел од нив од буџетот на Општина Битола. Освен ова училиште, вакви типски училишни сали ќе добијат и ОУ „Тодор Ангелевски" и подрачното училиште „Даме Груев" во Долно Оризари.



Убаво е да се прочита дека нашиот стадион „Петар Милошевски" е еден од најубавите стадиони не само во Македонија, туку и на Балканот.

Особено радува тоа што убавите работи за Битола далеку стигнуваат.

Оваа вест доаѓа од Босна и Херцеговина, а ја пишуваше босанскиот портал „Спортспорт". Во текстот се наведува дека стадионот имаше реновирање кое траеше повеќе години и дека посебен изглед доби централната трибина која е изградена по сите УЕФА стандарди и тој е дом на „Пелистер".

На него денес се играат и меѓународни натпревари како на пример помеѓу фудбалската репрезентација на Македонија и репрезентацијата на Шведска, за фудбалери до 21 година, потоа фудбалската репрезентација на Македонија до 21 година со репрезентацијата на Ерменија.

SPORT SPORT

Mnogi klubovi na Balkanu sve više pažnje posvećuju fudbalskoj infrastrukturi. Prave se novi stadioni, ali i renoviraju stari.



Младите се нашата иднина

ВО ЗАВРШНА ФАЗА Е ИЗГРАДБАТА НА БОКСЕРСКАТА САЛА





Центарот за спорт и спортски активности е еден од шеснаесетте проекти финансирани од владата на Македонија преку министерството за спорт со вкупна вредност од над 43 милиони денари. Објектот е на два ката со површина од околу 930 метри квадратни и максимална висина од 7,2 метри. Во приземјето просториите за физички активности. Административен дел, помошна техничка просторија, а на западната страна од објектот сала за тренинг со боксерски ринг и фитнес справи.



Објектот има и соблекувални машки и женски со сопствени тоалети и бањи и тоалет за лица со посебни потреби. На источната страна се просториите за спортско качувачки клуб идентични како на боксерскиот клуб, со сала за тренинг и соблекувални.
Салата за бокс и салата каде ќе биде поставена карпа за болдеринг се двовисински простории.
На горниот кат предвидени е административниот дел, чајна кујна и тоалети. Тука ќе има и галерија која ќе служи како гледалиште.Градоначалникот на Битола Тони Коњановски изврши увид на изградбата, односно завршницата на еден капитален објект за Битола.

Младите се нашата иднина

ВО ИЗГРАДБА Е СПОРТСКАТА САЛА ВО БИСТРИЦА





Со децении нефункционален, сега во фаза на изградба, од некогашен културен дом ќе прерасне во мултифункционален објект. Жителите на Бистрица ќе добијат објект за спортски, но и културни активности на површина од 386 метри квадратни. Новата спортска сала е во две целини приземје и галерија. Приземјето ќе биде поделено на две функционални целини, односно мултифункционален простор за спортски активности и помошни простории.

Галеријата, ќе ја задржи својата намена, како гледалиште за културни манифестации.
Градоначалникот Коњановски нагласи дека на овој начин се создаваат нови можности за младите, но и за повторно заживување на околните населени места.
За овој проект се инвестираат 37.599.966





Младите се нашата иднина

ИЗГРАДЕНИ ТРИ НОВИ ИГРАЛИШТА ВО „ОБЛАСТА"







Во месноста Област, на улица „Нико Фундали", изведени беа три нови игралишта на вкупна површина од 629,27 м².
Комплексот содржи детско игралиште, мало кошаркарско игралиште и мало фудбалско игралиште. На детското игралиште е поставена соодветна урбана опрема и реквизити, а подлогата е изработена од дробеник (шљунак). Кошаркарското и фудбалското игралиште се опремени со модуларни подлоги и соодветна урбана опрема.
Вкупната вредност на договорот за реализација на проектот изнесува 2.666.219 денари.
Градоначалникот Коњановски изјави дека на овој начин се создаваат нови можности за младите, но и за повторно заживување на околните населени места.
За овој проект се инвестираат 37.599.966 денари.

Младите се нашата иднина

ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ, БИТОЛА – ГРАД ЗА СИТЕ!



Во рамките на Европската недела на мобилност, граѓани од различни возрасни групи и лица со попреченост ја истражуваа Битола за да видат колку нашиот град е пристапен, безбеден и прилагоден за различните начини на движење.Во првиот дел – „Мапирање на мобилноста", основци, средношколци и студенти, со своите ментори, се движеа по различни градски патишта и мапираа што е проодно, каде има пречки и што може да се подобри.Во вториот дел – „Битола во движење", се придружија различни генерации и различни корисници на градскиот простор – велосипедисти, корисници на тротинети, постари лица и лица со попреченост.Активностите завршија пред Офицерскиот дом, каде се собраа на дружење и споделување на искуствата од мапирањето, со цел создавање на нашата „Визија за Битола" – идеи од младите и граѓаните за град во кој полесно, побезбедно и порамноправно се движиме сите.





ГРАДИМЕ И РЕКОНСТРУИРАМЕ УЛИЦИ, СОЗДАВАМЕ НОВИ ПАРКИНГ МЕСТА

Континуитет за подобра инфраструктура

Создаваме подобри услови за жителите

ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА БУЛЕВАРСКИОТ ВЛЕЗ НА БИТОЛА ОД СТРАНАТА НА ПРИЛЕП



На потегот од бензинската пумпа „Лук Оил", до самиот влез во градот според ГУП, се реализираше реконструкција на коловозот во должина од 1,3 километри. На првата фаза, во должина од 840 метри опфаќаше изградбата на булеварски влез со ширина од 27,5 метри. Булеварот се состои од два коловози со ширина од по 7,5 метри, одвоени меѓусебно со урбано уредена разделна површина. На оваа реконструкција и претходеше изградба на атмосферска канализација, како и реконструкција и дислокација на мешовита канализација во должина од 732,30 метри. Втората етапа на реализација на булеварскиот влез, ги опфати истите градежни активности, кои вклучуваат реконструкција на канализационата и водоводната мрежа, нови коловози, тротоари и велосипедски патеки.





Создаваме подобри услови за жителите

НОВА УЛИЦА И НАД 100 НОВИ ПАРКИНГ МЕСТА





Асфалтирана е новопроектираната улица СТУ 3 која ги поврзува улиците „Глигор Прличев" и „Рокдајл". Улицата е со вкупна должина од 421 метар и над 100 нови паркинг места во овој реон. Вкупната вредност на инвестицијата во инфраструктурата изнесува 19.627.446 денари, а средствата се обезбедени од првиот повик на Владата преку Министерството за транспорт.
Претходно, во овој дел беше изведен сепаративен систем на канализационата мрежа за фекална и атмосферска канализација. Вкупната вредност на зафатот изнесува 7.469.131 денари, а изведувач на работите беше ЈП „Нискоградба" со средства обезбедени од првиот владин повик.
Поставена е и нова водоводна инсталација чија вредност изнесува 2 милиони денари, изведена од ЈП „Водовод" Битола со средства обезбедени од Буџетот на Општина Битола, како и комплетна електро инсталација за улично осветлување со вредност од 1.919.206 денари, финансирана од првиот повик на Владата.



Создаваме подобри услови за жителите

НОВ ПАРКИНГ ПРОСТОР ВО ЦЕНТАРОТ НА ГРАДОТ

Заврши проектот за изградба на паркингот и улицата „Браќа Џаферови". Станува збор за површина од 1100 м2. Новиот паркинг простор обезбеди 25 паркинг места, согласно проектот ќе има и улично осветлување, а изведена беше и атмосферска канализација. Со ова Битола добива уште еден паркинг простор во центарот на градот. Вкупната сума на средства кои што ги обезбеди општината од својот буџет изнесува 2.752.772 денари.







Создаваме подобри услови за жителите

НОВ ПАРКИНГ ПРОСТОР ВО БИТОЛА

Се асфалтираше новиот паркинг простор во поранешната касарна кој е изграден на СТУ9 АРМ Четврт 3. Вкупната површина на овој паркинг простор е 1550 м2 и се обезбедени нови над 70 паркинг места во тој дел на градот.Проектот е од вториот владин повик преку Министерството за транспорт и се изведе коловоз, атмосферска канализација, сообраќај и осветлување. Вредноста на договорот изнесува 6.256.014,18 денари.
И со изградбата на паркинзите кај „Ат Пазар", „Овчи Пазар", кај „Кифлата" и „Хеликоптерот" се обезбедуваат над 220 паркинг места.









Создаваме подобри услови за жителите

СЕ АСФАЛТИРАШЕ УЛИЦАТА „ЛЕРИНСКА"

Асфалт доби и улицата „Леринска" и крак од улицата „Христо Узунов" како дел од проектот за реконструкција на улиците, каде претходно беше изведена мешовита канализација и приклучоци за куќите. Вкупната должина е околу 206 метри. Сумата за реконструкција на коловозот изнесува 4.004.100 денари, а за изведбата на канализацијата 2.872.960 денари. Средствата се обезбедени од буџетот на Општина Битола.









АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦАТА „КОЗАРА"



Асфалтирана е и улицата „Козара" која беше дел од проектот за реконструкција на четири улици кај Здравствениот дом. Претходно беше направена реконструкција на водоводната и канализационата мрежа, што беше финансирано од Министерството за транспорт. Асфалтирањето на коловозот е со средства од буџетот на Општина Битола во висина од 4 милиони денари. Должината на коловозот кој се асфалтирше е 230 метри.





Создаваме подобри услови за жителите

СЕ АСФАЛТИРАА УШТЕ ДВЕ УЛИЦИ КАЈ ЗДРАВСТВЕНИОТ ДОМ

По асфалтирањето на улица „Козара" градежната оператива асфалтираше уште две улици кај Здравствениот дом во Битола. Станува збор за улиците „11-ти Март" и „Панде Николов" во вкупна должина од 220 метри. Претходно се изврши реконструкција на водоводната и канализационата мрежа со средства од Министерството за транспорт. Асфалтирањето и уличното осветлување е со средства од Општинскиот буџет во висина од 4.487.000 денари за асфалтирањето на коловозот и 1.586.392 денари за улично осветлување.








Создаваме подобри услови за жителите

КОМПЛЕТНО СЕ РЕКОНСТРУИРАШЕ УЛИЦАТА „МАРКС И ЕНГЕЛС"



Во централното градско подрачје се реконструираше улицата „Маркс и Енгелс", а увид во градежните активности изврши градоначалникот на Битола Тони Коњановски. Во должина од 250 метри се изведува комплетна реконструкција што вклучува водоводна мрежа, канализација и коловоз. Сето тоа во вредност од 7,3 милиони денари. Со ова централното градско подрачје доби нова улица која многу значи за жителите на овој дел од градот.

АСФАЛТИРАЊЕ НА ТРИ КРАЦИ ОД УЛИЦАТА „ДАМЕ ГРУЕВ" ВО „МАЛ ПАРИЗ"

Се асфалтираа три краци кои се дел од улицата „Даме Груев" во месноста викана „Мал Париз" во вкупна должина од 410 метри. Асфалтирањето на коловозот на овие три краци изнесува 5.196.720 денари.
Претходно се работеше мешовита канализација со приклучоци во вредност од 4.325.218 денари. Исто така и водоводна мрежа со приклучоци со вредност од 1.885.289 денари. Вкупната сума на оваа реконструкција на трите краци чини 11.407.227 денари.



Создаваме подобри услови за жителите

АСФАЛТИРАНА НОВАТА УЛИЦА „СРУ5"

Се изгради новата улицата „СРУ5" која е важна сообраќајница во некогашната касарна. Таа ги поврзува од едната страна улицата „Партизанска", а од спротивната страна улицата „Крушевска Република". Претходно се работеше на тротоарите од двете страни кои се со по 2,5 метри ширина и беа поставени коловозните рабници. По асфалтирањето на коловозот се работеше на велосипедската патека. Улицата има комплетна инфраструктура, атмосферска и фекална канализација и водоводна инсталација, а доби и улично осветлување. Инвестицијата е над 9 милиони денари.









ПОСЛЕ 30 ГОДИНИ, ОВАА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА СОЗДАДЕ КОМПЛЕТНИ УСЛОВИ ЗА ПОЧЕТОК НА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА УЛИЦА „ДЕБАРСКА"



Последиците од 30 годишната негрижа за улицата "Дебарска", со летните поројни дождови беа очигледни. Оваа локална самоуправа, согледувајќи ги опасностите, уште пред 2 години започна со подготовка на документација, а сега и со реализација на проектот за комплетна реконструкција на инфраструктурата на улицата „Дебарска" согласно Програмата за развојни планови и согласно склучениот договор со Министерството за транспорт, а со средства од унгарскиот кредит од вториот владин повик. Градежните активности се одиваат по делници. За реконструкција на мешовитата канализација на дел од улицата вкупната сума на средства е 12.148.109 денари, за реконструкцијата на водоводната линија на дел од оваа улица предвидени се 4.991.136 денари, а реконструкцијата на коловозот ќе чини 20.146.392 денари.
Должината на улицата која се реконструира е околу 1 километар.

СО ЧИСТИ ЧЕВЛИ ДО ДОМОВИТЕ

Жителите од трите краци на улицата „16-та" во Битола со чисти чевли стигнуваат до своите домови.По асфалтирањето на првиот дел од улицата „16-та"чија вредност изнесуваше околу 1,5 милиони денари, битолското претпријатие „Нискоградба" пристапи кон поплочување на трите краци со бехатон плочки, чија вредноста на зафатот е близу 1,8 милиони денари. Жители од оваа населба изразија благодарност за ангажманот и комплетирањето на инфраструктурата.





Создаваме подобри услови за жителите

СЕ АСФАЛТИРАА УЛИЦИ ВО БРАТИНДОЛ

Општина Битола реконструираше улици во селото Братиндол. Станува збор за проект кој општината го доби од вториот повик на владата преку министерството за транспорт, во вредност од 4.227.303 денари.

Се работеше на реконструкција на коловоз, односно седум краци. Најпрво расчистување, односно ископ на земја, потоа поставување тампониран слој и асфалт. Со ова се подобри комуникацијата на локалното население во ова населено место, а Општината и со ова покажа дека се грижи и за руралните средини.







АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦИ ВО СЕЛОТО ТРН

Се асфалтираа пет улици во селото Трн. Реконструкцијата опфаќаше пет улици со вкупна должина од 1021,14 метри, сите широки по 3,5 метри и банкини од двете страни широки од 50 см. Вкупната вредност на проектот е 7.181.218 денари, а средствата се обезбедени од Министерството за транспорт преку вториот владин повик.





Создаваме подобри услови за жителите

АСФАЛТИРАН ПАТОТ ДО ЦРКВАТА ВО РОТИНО

На барање на месното население Општина Битола направи реконструкцијата на улица во селото Ротино, односно асфалтирање на патот кој води до црквата. Должината на патот е 706 метри, ширината 3 метри и банкини од двете страни. Претходно беше поставена тампонирана подлога со дебелина од 25 см. Вредноста на овој проект е 5.185.870 денари, а средствата се преку Министерството за транспорт, од вториот владин повик, на кој за Општина Битола имаше одобрено најголем број проекти. И овој проект е потврда на заложбите на локалната самоуправа за подобрување на состојбите и во руралните средини.







Создаваме подобри услови за жителите

АСФАЛТИРАРАН ПАТОТ ДО МАНАСТИРОТ „СВ. МЕРКУРИЈ" ВО СЕЛО БАРЕШАНИ



Вредноста на овој проект е 5.421.038 денари и средствата се преку Министерството за транспорт од вториот владин повик.

Градежната механизација го асфалтираше и патот кој води до манастирот „Св. Меркурије" во селото Барешани.Должината е 580 метри, а ширината на патот 3 метри, плус банкини. По поставувањето на тампон со дебелина од 25 см, следеше и асфалтирање. Асфалтниот слој е со дебелина од 7 см, а асфалтната вкупна површина 2029 м2.



2,1 КМ АСФАЛТИРАНИ УЛИЦИ ВО КАРАМАНИ,



Асфалтирани 9 краци со вкупна должина од 2100 метри и ширина на улиците од 3 до 3,5 метри, а дебелината на асфалтниот слој е 7см.Вредноста на овој зафат е 16.751.553 денари, а се работи со средства од Буџетот на Општина Битола. Асфалтирањето се реализираше по барање на жителите на Карамани и заложбите на градоначалникот и општината за подобрување на условите и во населените места во Општина Битола.



Создаваме подобри услови за жителите

ОПШТИНАТА ОСТАНУВА ПОСВЕТЕНА НА БАРАЊАТА ЗА ГРАЃАНИТЕ ЗА ПОДОБРА И ПОБЕЗБЕДНА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

Заврши реализацијата на проектот „Доградба на коловоз на локален пат за село Буково". На барање на локалните жители и населението кое го користи локалниот пат за с.Буково и нивното укажување на проблемите за безбедно одвивање на сообраќајот, поради недоволната ширина на патот од 3,5 м', општината пристапи кон реконструкција. Извршено беше стабилизирање на банкината, за одводнување на коловозот беа вградени префабрикувани бетонски каналети. Со извршеното асфалтирање се реализира проектната ширина на асфалтниот дел од коловозот кој изнесува 5,50 м. Вкупната инвестиција изнесуваше 19.690.365 денари.

АСФАЛТИРАН ЛОКАЛНИОТ ПАТ ВО СЕЛО РАШТАНИ





Градежната оперативa го асфалтираше коловозот на локалниот пат во селото Раштани. Се работи за три краци со вкупна должина од околу 500 метри. Увид во асфалтирањето изврши градоначалникот на Битола Тони Коњановски со одговорните лица за проектот.Вредноста на договорот е 9.807.930 денари, а се средства од вториот владин повик преку Министерството за транспорт за проектот Изградба на коловоз за локален пат во селото Раштани.
Со ова успешно е реализиран уште еден од многуте проекти што Општина Битола ги реализира и со средства од Владата и со средства од општинскиот буџет, а се со цел подобрување на условите за комуникација на населението.

Создаваме подобри услови за жителите

ПОСТАВЕНИ СЕМАФОРИ КАЈ ПЛОШТАДОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" И НА „КАМЕН МОСТ"



Поставени семафорите кај плоштадот „Гоце Делчев" и на „Камен мост". На нив постои тастер со притискање за регулирање на движењето на пешаците, чие времетраење е 15 секунди за пешаците, а потоа следните 15 секунди се за возилата.Граѓаните кои во група ги минуваат премините потребно е со притискање на тастерот означен на столбот на семафорот да овозможат сигнал за слободен премин, а стоп за возилата.







Создаваме подобри услови за жителите

АСФАЛТИРАНА УЛИЦАТА „ПАНДЕ КАЈЗЕРО"




Се асфалтираше улицата „Панде Кајзеро", каде извршена е целосна реконструкција на мешовита канализационата мрежа со вкупна должина од 360 метри. Канализацијата е изведена во два краци, крак 1 со приклучок кон ул. „Илинденска" и крак 2 со приклучок на улицата „7-ми јули". Вкупната инвестиција од 3.210.348 денари е преку првиот владин повик.
Во текот на изведбата се појави потреба од проектирање и изведба на три потпорни ѕидови со вкупна вредност од 1.653.198 денари.
Исто така се изврши отстранување на постоечката камена коцка по што следуваше асфалтирање на улицата заедно со паркинг простор до вкупна должина од 388 метри со вредност од 5.310.060 денари, исто преку првиот владин повик.
Оваа улица од 1952 година досега беше со коцка и немало никаква инфраструктурна интервенција. Сега таа е со асфалт.





Создаваме подобри услови за жителите

ГРАЃАНСКИ ФОРУМ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПЛОШТАДОТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"



Општина Битола го организираше вториот граѓански форум за уредување на плоштадот „Гоце Делчев", на кој беа презентирани предлог идеите за негово уредување.
Целта на првиот и вториот форум е да се заокружи процесот преку предлагање на идеи и размислувања, дискусија, искуства, пред да се пристапи кон финализирање на проектот за уредување на овој плоштад.
Беше кажано дека согласно важечкиот Детален урбанистички план таму е предвиден голем проект со две подземни нивоа, од кои едното за паркирање, подземна сообраќајница, кружни текови, но дека тоа е долгорочен и скап проект, а идејата е сега преку вакви форуми да се најде преодно решени, до реализацијата на Деталниот урбанистички план.
Идејата на општината е преку вакви форуми да се отвори дебатата за тоа како да изгледа плоштадот, кој веќе нема да биде паркинг простор, туку урбана пешачка зона.



СЕ ГРИЖИМЕ ЗА УСЛОВИТЕ НА НАСТАВНИОТ ПРОЦЕС ВО БИТОЛСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

НОВА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ФАСАДА ВО ОУ СТИВ НАУМОВ

Реконструкција на фасадата на ОУ „Стив Наумов" во Битола, со поставување на нови изолациони материјали, со што училиштето доби нова, енергетски ефикасна фасада. Вредноста на овој зафат е 6.298.291 денари. Со поставувањето на енергетски ефикасна фасада на ОУ „Стив Наумов", се овозможуваат предуслови за поставувањето на топлински пумпи за греење, наместо некогашниот систем на екстра лесно масло за греење. На овој начин, освен повисока енергетска ефикасност на училиштето, ќе се овозможи и поголема заштита на животната средина. Со претходната реконструкција на покривот и поставувањето на фотонапонска електрична централа, ова училиште станува едно од најенергетски ефикасните училишта во градот, со што се потврдува заложбата на градоначалникот Коњановски и локалната самоуправа, за зголемување на енергетската ефикасност и заштитата на животната средина во општинските јавни објекти.






ВО „БУКОВСКИ ЛИВАДИ" СЕ РАБОТИ НА ОБЈЕКТОТ КОЈ ЌЕ БИДЕ НОВА УЧИЛИШНА ЗГРАДА

Во тек е реконструкцијата на објектот во населбата „Буковски ливади", а кој ќе биде подрачно училиште на ООУ „Коле Канински". Според проектот предвидени се пет училници, влезен хол со пропратни содржини, рампа за лица со попреченост, санитарни јазли, помошни простории, заеднички простории за социјализација и мала библиотека.Вкупната површина на објектот кој ќе биде нова училишна зграда е 400 м2.Вредноста на договорот е 31.470.403 денари.Увид во реализацијата направи и претседателот на Владата Христијан Мицкоски и министерката за образование и наука Весна Јаневска. Премиерот Мицкоски рече дека продолжуваат и понатаму да бидат посветени на испорачување на проекти и нагласи дека тоа е еден од врвните приоритети.Исто така истакна дека за него и Владата, Битола е еден од главните приоритети и ќе остане да биде еден од главните приоритети во иднина.







СОВРЕМЕНИ СТАНДАРДИ ЗА ХИГИЕНАТА ВО УЧИЛИШТЕТО „КОЛЕ КАНИНСКИ"

Градоначалникот на Битола, Тони Коњановски беше во посета на ОУ „Коле Канински" каде се реконструираа постоечките тоалети кои со децении не се реконстуирани, со што се овозможува задоволување на современите стандарди за хигиена и на учениците и на вработените, а исто така се изгради посебен тоалет за лица со инвалидитет.Реконструкција беше и во двата блока, во подрум, на приземје и на кат.Проектот исто така предвидуваше и реновирање на тоалетите за вработените, како и целосна промена на водоводната и одводната мрежа.Се работи за вкупно 51 тоалет, а инвестиција изнесува 7.489.991 денар, средства од буџетот на Општина Битола.



РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКАТА САЛА И ФОТОВОЛТАИЦИ НА ОУ „ЕЛПИДА КАРАМАНДИ"





Градоначалникот на Битола Тони Коњановски го посети ОУ „Елпида Караманди" каде се вршеше реконструкција на дел од спортската сала.Реконструкцијата подразбираше промена на дограмата на целата сала, промена на електричната инсталација, поставување на плочки во ходниците и во соблекувалните, поправање на санитарните јазли со довод и одвод и комплетно опремување на тоалетите и соблекувалните.Вкупната сума која се инвестираше во реконструкцијата, поставувањето фотоволтаици и опремување со реквизити е 4.481.290 денари. Ова се средства добиени од министерството за образование и наука.Исто така со донација од Кромберг и Шуберт три училници добија нов под.

СЕ РЕКОНСТРУИРАШЕ УЧИЛИШНИОТ ОБЈЕКТ ВО КРКЛИНО





Се реконструира објектот во селото Крклино, кое е подрачно училиште на ОО „Александар Турунџев" од Кукуречани. Овој проект Општината го реализира со финансиски средства од Министерството за образование и наука, од вториот владин повик, а е на барање на жителите.Објектот, односно подрачното училиште има две училници, една канцеларија, ходник и тоалети.Менување на кровната конструкција, реконструкција на фасадата, промена на подовите, замена на дограмата со ПВЦ профили, како и целосно средување на внатрешноста на објектот, односно молеро-фарбарски работи.Вредноста на оваа реконструкција е 3.380.097 денари.

НОВА РЕСУРСНА СОБА СТАВЕНА ВО ФУНКЦИЈА НА ОУ „ЃОРЃИ СУГАРЕВ"





Во ООУ „Ѓорѓи Сугарев" – Битола беше ставена во функција новата ресурсна соба, која е донација, создадена како современо, безбедно и пријатно катче за поддршка на учениците и за унапредување на инклузивната практика во училиштето.Просторот е осмислен така што ќе може да го користат учениците, образовните и личните асистенти, наставниците и стручните соработници, во зависност од индивидуалните потреби на секое дете.

ИНВЕСТИЦИИ ВО СРЕДНОТО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „ТАКИ ДАСКАЛО"

Градоначалникот Тони Коњановски во посета на средното општинско училиште „Таки Даскало" каде беше запознат со условите за следење на наставниот процес, преземените реконструктивни зафати и инвестициите.
Направена е замената на старата столарија, односно направена е демонтажа и отстранување на старите врати од училниците и кабинетите и поставени се нови 50 еднокрилни и 2 двокрилни врати во вредност од 1.613.650 денари.Исто така изготвен е елаборат за електрична енергија преку стручен консултант во вредност од 87.000 денари и извршена е целосна реконструкција, односно поставена е нова електрична инсталација во блокот Б во вредност од 1.434.202 денари, со што значително се променија просторните услови за работа во училиштето.









ЗЕМЈОДЕЛСКОТО УЧИЛИШТЕ ЈА ПРЕТСТАВИ „ЗЕЛЕНАТА ЕКО УЧИЛНИЦА"





Земјоделското училиште „Кузман Шапкарев" го претстави успешно реализираниот проект „Зелена еко училница", проект поддржан преку програмата „Апшифт" за подобрување на училишната средина, а реализиран од колективот и учениците. Градоначалникот на Битола Тони Коњановски кој ја посети оваа училница беше информиран дека целта на проектот беше да се создаде простор каде учениците ќе можат да учат, да се дружат и да развиваат еколошка свест во природна средина.

СРЕДБА СО ПРОСВЕТНИТЕ РАБОТНИЦИ НА ГОДИНАТА ОД БИТОЛА

Наташа Тодоровска- наставник по одделенска настава во ОУ „Ѓорѓи Сугарев" во Битола и Аница Б. Златевска- психолог во ОУ „Коле Канински" во Битола, кои беа меѓу просветните работници кои добија признание од Министерството за образование и наука и Сојузот на просветни работници, имаа прием кај градоначалникот на Битола, Тони Коњановски.Градоначалникот Коњановски им честиташе за признанијата „Просветен работник на годината" за учебната 2024/2025 година, кои претставуваат чин на јавно признание, но и симбол на поширока заложба за градење општество кое активно ја поддржува и вреднува улогата на воспитувачите, наставниците и стручните соработници.





ЕДУКАТИВНА СРЕДБА ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ, ПРЕВЕНЦИЈА И СООДВЕТНО ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО

Советот за превенција од детско престапништво при Општина Битола одржа едукативна средба со членовтите на стручните служби од основните и средните училишта, на која беше претставен и споделен „Прирачник за обука на стручните служби во училиштата за препознавање, превенција и соодветно постапување во случаи на малолетничка деликвенција", кој произлезе од превентивните активности на Тимот за превенција при ОСПДП, во состав: Жанета Ристевска – лиценциран психолог, Силвана Дејаноска – правник и Митко Бошевски – адвокат.

Прирачникот претставува прв ваков документ во државата и е наменет како практична алатка за стручните служби во училиштата при справување со секаков вид на девијантни однесувања.





ПРИФАТЕНА ИНИЦИЈАТИВАТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЗА НЕКОРИСТЕЊЕ НА МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ ВО УЧИЛИШТАТА

На 16-тата седница на Советот на Општина Битола како точка на дневен ред се најде иницијативата на градоначалникот на Битола Тони Коњановски за некористење мобилни телефони во училиштата.
Мобилните телефони за време на наставниот процес да бидат исклучени или ставени на тивок режим и да се остават на точно определено место, врз основа на претходно утврдени правила (кодекс) на училиштето.
Користењето телефон би било



дозволено и оправдано само во одредени услови и тоа со посебна дозвола за ученици на кои телефонот им е неопходен поради здравствени причини или друг вид оправдани причини, во итни и неодложни ситуации и со дозвола на наставникот за образовни цели.
Иницијативата од страна на Советот беше усвоена.



40 СТУДЕНТИ ОД УКЛО НА ЛЕТНА ПРАКСА ВО ОПШТИНА БИТОЛА И ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА



Општина Битола во соработка со Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола по четврти пат ова лето ја организираше универзитетската летна пракса, со што се промовира практикантската работа за студентите.40 студенти ја имаа можност да ја спроведуваат праксата во одделенијата на Општина Битола, Советот и јавните претпријатија.Успешна пракса на студентите им посака градоначалникот на Битола Тони Коњановски, кој пренесе искуства од странски земји, каде студенти реализираат вакви пракси и сакаат да бидат дел од општинската администрација затоа што ја подразбираат како сервис на граѓаните и се одговорни за заедницата во која што живеат, а и дека и други општини од Македонија почнале да го следат овој пример.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ БОЈКОСКИ НА ТРКАЛЕЗНАТА МАСА НА УКЛО „ЕВРОПСКАТА ДИПЛОМА ЗАПОЧНУВА ОД ДОМА"





На тркалезната маса која ја организираше битолскиот универзитет „Св. Климент Охридски" во рамките на УКЛО КОЛОРС фокусирана на европската диплома и заеднички дипломи, свое обраќање имаше претседателот на Советот на Општина Битола Бојан Бојкоски.Претседателот на Советот Бојкоски кажа дека Општина Битола активно ги обликува и ги нуди овие регионални предизвици како простор и реални училници за студентите од КОЛОРС.„Со вметнување на конкретни општински предизвици директно во студиските модули на Европската диплома, ќе осигуриме дека студентите нема само да учат теорија, туку активно ќе ги решаваат социо-економските потреби на нашите градови. Ги поканuваме сите студенти на алијансите да адресираат предизвици, но и да учат од решенијата во Битола " рече меѓу другото Бојкоски.

ЕДУКАТИВЕН НАСТАН НА СОВЕТОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА





На едукативниот настан организиран од Советот за социјална заштита на Општина Битола на тема ,,МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ КАЈ МЛАДИ" беа присутни стручни работници од основните и средните училишта, претставници од советите на родители, здруженија на граѓани, невладини организации, советници, претставници од советите за детско престапништво, женско претприемништво и младинскиот локален совет, како и граѓани на Општина Битола.

ГОЛЕМА ЗАБАВА И ДРУЖБА НА „УЧИЛИШНАТА ПРИКАЗНА" ЗА ПРВАЧИЊАТА ОД ОПШТИНА БИТОЛА

Голема првоодделенска забава беше организирана во градскиот парк во Битола. Втора година по ред се случи „Училишната приказна" каде Општина Битола и поддржувачите на настанот им посакаа успешна година на првоодделенците од Општина Битола. Возење со „Мечо", дружење со ЗАГИ, училишни точки, подароци, беа дел од содржините организирани за оние кои зачекорија во светот на учењето и знаењето. Од име на Општина Битола на првачињата, нивните семејства и наставници, успешна учебна година им посака секретарот Борче Димитровски, истакнувај ја важноста на 1 септември – ден кога се слават првите училишни чекори, новите пријателства и големата желба за знаење.





НОВА УЧИЛНИЦА, УЧИЛИШЕН МЕБЕЛ И ПРОЧИСТУВАЧИ НА ВОЗДУХ





Градоначалникот на Битола Тони Коњановски беше во посета на економското училиште „Јане Сандански" каде беше направена целосна реконструкција на училница и набавка на училишен мебел по спроведена јавна набавка во вредност од 197.100 денари со ДДВ, со што се создадоа услови за сите ученици и професори во училиштето. Победничкиот тим од „UPSHIFT" програмата го презентираше своето дизајнерско решение прочистувач на воздух за во училница- „AERVIA". Производот е практичен, функционален и лесно применлив за секојдневна употреба. Со негово поставување во училниците на учениците им овозможуваме подобри услови за учење и работа и се грижиме за создавање на почиста и поздрава средина за сите, беше речено на денешната презентација.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА БИТОЛА НА ЈУБИЛЕЈНАТА ПРОСЛАВА НА ТЕХНИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ-БИТОЛА



Градоначалникот на Битола Тони Коњановски присуствуваше на јубилејната прослава 65 години од основањето на Техничкиот факултет Битола при универзитетот „Св. Климент Охридски".Шест и пол децении техничкиот факултет е столб на техничката мисла, едукацијата и науката.„Овој јубилеј е заеднички успех на сите генерации студенти, професори и деловни партнери кои помогнаа во градењето на современиот инженерски кадар, а соработката со Општина Битола е на високо ниво и со техничкиот факултет и воопшто со Универзитетот „Св. Климент Охридски", истакна градоначалникот на Битола. „Битола е горда со науката која шест и пол децении го гради нашето општество", рече градоначалникот Коњановски.





НОВИ ГРАДИНКИ - НОВИ МОЖНОСТИ ЗА 470 ДЕЦА

„ПЧЕЛИЧКА" - НОВА ГРАДИНКА ВО СОСТАВ НА ЈОУДГ „МАЈСКИ ЦВЕТ"



Со адаптација на дел од поранешниот „Дом за доенчиња и мали деца", Битола доби уште еден објект во рамките на ЈОУДГ „Мајски Цвет", градинката „Пчеличка". Новата градинка, која се користи за згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст до 6 години, е со капацитет за згрижување на 76 деца. Градинката „Пчеличка" беше реконструирана, адаптирана и опремена со средства од Министерството за социјална политика, демографија и млади и со средства на Општина Битола. Според Договорот склучен помеѓу министерството и општината средствата во износ од 10.273.344,81 денари за реконструкција на градинката се во сооднос од 70% од министерството и 30% од страна на општината.





ЈА ЗАВРШИВМЕ ИЗГРАДБАТА НА НОВАТА ГРАДИНКА КАЈ ОУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"





Градинката која е лоцирана наспроти ОУ „Св. Климент Охридски" е започната со изградба во 2020 година. Откако е раскинат договорот со претходниот изведувач поради непочитување на роковите за изведба, од страна на инвеститорот, односно Министерството за социјална политика, демографија и млади е склучен договор со нов изведувач со кој се интензивираа работните активности. Новиот објект ќе припадне на ЈОУДГ „Мајски Цвет", а се протега на површина од 810 м2 и ќе биде со згрижувачки капацитет од околу 150 деца, организирани во неколку воспитни групи.Опремена со мебел, санитарија, кујнски апарати и прибор, како и дидактички материјали. Партерно и хортикултурно уредување на надворешниот дел. Вредноста на градежните зафати за изградба на градинката се во вредност од 56.650.000 денари, обезбедени од министерството.

ЕФИКАСНОСТА НА ТОПЛИНСКИТЕ ПУМПИ ВО ГРАДИНКАТА И УЧИЛИШТЕТОТ ВО „БУКОВСКИ ЛИВАДИ"

Градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски беше во посета на детската градинка „Росица", која е дел од ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара" и подрачното училиште „Коле Канински" во населбата „Буковски ливади", со цел да изврши увид во новопоставениот современ систем за греење со топлински пумпи.Проектот „ЕУ за чист воздух", покрај засадените 1500 садници, во два образовни објекти во градот кои што нема да бидат приклучени на системот за Топлификација, реализира поставување на топлински пумпи за греење и ладење на објектите. Еден од тие објекти е и објектот во населбата „Буковски Ливади", каде што се сместени градинката и училиштето.





ВО ПОСЕТА НА ГРАДИНКАТА „РОСИЦА 1" КАДЕ ИНВЕСТИРАНИ СЕ НАД 3,7 МИЛИОНИ ДЕНАРИ

Градоначалникот на Битола ја посети и детската градинка „Росица 1" во Бистрица, која е дел од установата „Естреја Овадија Мара" Битола.
Во Детска градинка „Росица 1" Бистрица со цел создавање побезбедна и поквалитетна средина за децата, извршена е поправка и санација на покривната конструкција, поставена е громобранска инсталација, реализирани се сидарски и фасадерски работи, извршени се столарски интервенции, спроведени се молерофарбарски работи, како и водоводни и електричарски интервенции и инсталација на хидрантска мрежа и поставување на хидрант,



а беше спроведено и чистење на густата вегетација околу градинката, Вкупна вредност на инвестицијата е 3.785.359 денари.



СЕ РАБОТИ И НА ГРАДИНКАТА ВО НЕКОГАШНАТА КАСАРНА



Паралелно се работеше и се работи на новата градинка во некогашната касарна.Откако беа надминати затекнатите проблеми на терен во 2021 година се продолжи со градбата. Таа ќе згрижува 250 деца.Вкупната вредност на инвестицијата изнесува 79.594.915 денари.Со трите нови градинки во Битола се обезбедуваат над 470 места за сместување деца, со што продолжуваме заеднички да ја градиме нашата иднина..

НОВИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

ПОСТАВЕН КАМЕН-ТЕМЕЛНИК ЗА ВТОРИОТ „ЛИДЛ" МАРКЕТ ВО БИТОЛА







Со свечено поставување на камен-темелник, компанијата „ЛИДЛ" официјално го означи почетокот на изградбата на својот втор продажен објект во Битола. Додека првиот маркет на компанијата во градот е веќе во финална фаза од изградбата, со овој нов проект Битола станува еден од клучните места во земјава каде што „ЛИДЛ" ќе овозможи современо и модерно шопинг искуство преку повеќе продажни локации.Оваа инвестиција претставува уште еден значаен и конкретен чекор во реализацијата на долгорочната стратегија на „ЛИДЛ" за развој на сопствена продажна мрежа во Македонија. Градоначалникот на Битола, Тони Коњановски, истакна дека вториот маркет на „ЛИДЛ" е значајна инвестиција за градот, која носи придобивки за локалната економија и потрошувачите, но и потврда дека Битола е град во кој компанијата препознава потенцијал.Основни карактеристики на новиот маркет во Битола се изградба по највисоки стандарди за енергетска ефикасност и еколошка одржливост на простор од 5 288 м², современо уредена продажна сала од 1 546 м² за пријатно искуство при пазарењето, обезбедени 108 паркинг места за удобно пазарување и над 20% од парцелата е предвидена за хортикултурно уредување и зеленило.

БИТОЛЧАНИ СО СВОИ ИДЕИ И ПРЕДЛОЗИ ПОЧНАА ДА ГО КРЕИРААТ БУЏЕТОТ ЗА 2027 ГОДИНА

Општина Битола петта година по ред го организира Буџетскиот форум за креирањето на Буџетот.Големата присутност и заинтересираност на првата форумска сесија беа потврда на нивната заинтересираност како да се развива Битола, а зелено светло за Општината и градоначалникот дека ваквите форумски сесии се значајни за создавање Буџет по мерка на граѓаните.Пред присутните свое обраќање имаше градоначалникот на Битола Тони Коњановски кој рече дека Буџетот не е само финансиски документ, туку одраз на потребите на граѓаните и визијата за развој на Битола.







ОПШТИНА БИТОЛА ДЕЛ ОД РЕГИОНАЛНИОТ ФОРУМ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ПРАВЕДНА ТРАНЗИЦИЈА







Претставници на општина Битола учествуваа на форумот „Зајакнување на учеството на граѓанското општество и социјалниот дијалог во праведната енергетска транзиција", кој се одржа во Скопје. Секретарот на општина Битола Борче Димитровски, пред присутните, во двојно својство, како претставник на општинската администрација и заменик претседавач на ЛЕСС (Локален економско-социјален совет) Битола, ги претстави најновите проекти кои општината ги реализира во овој период - новиот проект со „Energy Community", преку кој се подготвува платформа или мапирање на сите потенцијали за обновливи извори на општината, како и неодамна потпишаниот меморандум во Будва, со кој и практично се става акцент на Индустриската зона Жабени. Двата проекти, ја стават Битола високо на мапата на региони, каде што општината, во своите законски рамки, работи на спроведување на капацитети и зелени решенија за нејзината иднина.

ОТВОРЕНА НОВА ФАБРИКА „БРЕЈНЧАЈЛД ПРОИЗВОДСТВО" ВО ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА „ЖАБЕНИ"

Брејнчајлд продукција и производство е новооформена фабрика во Битола од страна на странски инвеститор, посветена да постави еколошко OEM производство. Таа донесе револуција за индустријата за кајтови и крилја. Во Брејнчајлд Продукција има 30 вработени, а во Брејнчајлд Производство 226 вработени.
Се работи за две компании, посебни правни ентитети, од кои Брејнчајлд Продукција ДОО Битола е центар за истражување и развој каде што се тестираат нови технологии, се тестираат и произведуваат материјали за производство, се тестираат нови начини и се создаваат нови типови на производи. Додека пак Брејнчајлд Производство ДОО Битола е производна компанија, во која се мултиплицираат преку сериско производство веќе одобрените производи кои поминале на фаза на прототипи во центарот за истражување и развој.

Новата инвестиција ја посети премиерот Христијан Мицкоски. Премиерот се заблагодари на градоначалникот и на општинската администрација кои што помогнаа за брза реализира оваа инвестиција и најави дека се работи на уште најмалку две заинтересирани инвестиции кои би се изградиле во периодот кој следува во Битола.






На свеченото отворање на оваа инвестиција свое обраќање имаше и градоначалникот на Битола Тони Коњановски кој истакна дека заложбите за економски напредок на Битола, стануваат реалност. Покрај вложувањата во инфраструктурата во Битола, во насока на создавање подобри услови за инвеститорите, Општина Битола посебно се фокусира и на напредокот на Индустриската зона „Жабени".

ЕКОНОМСКИОТ НАПРЕДОК НА БИТОЛА Е РЕАЛНОСТ

„Инвестирај во твојата иднина", од идеја до реализација, работен состанок за економски напредок на Битола, организираше Општина Битола и Јавното претпријатие индустриска зона „Жабени" на која учествуваа владини претставници и стопанственици.
Во своето обраќање градоначалникот на Битола Тони Коњановски кажа дека и Владата на Македонија и Општина Битола создаваат услови за инвестирање кон создавање подобра иднина за нашата Општина, преку реализацијата на проектите кои се дел од програмите и на централната и на локална власт, а кои се за добробит на граѓаните на Битола и воопшто на овој регион.За странските инвестиции во Македонија и владините мерки за привлекување на домашни и странски инвеститори зборуваше заменик министерот за економија и труд Марјан Ристески. Финансиската стабилност и инвестициите се двигатели на регионалниот економски развој, рече заменик министерот за финансии Николче Јанкуловски. На форумот присуствуваше и делегација од регионална стопанска комора од соседна Грција.







ВО ЦРНА ГОРА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА БИТОЛА ПОТПИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА НА

Градоначалникот на Општина Битола Тони Коњановски, во Будва, Црна Гора, присуствуваше на потпишувањето на Меморандум за разбирање помеѓу индустриските паркови/зони, од регионот на Западен Балкан (WB6) и Европската Унија.







Церемонијата, која се организира во рамките на претседавањето на Црна Гора со Берлинскиот процес за 2026 година, го означува официјалниот почеток на партнерството меѓу индустриските паркови/зони од Западен Балкан и ЕУ. Индустриската зона „Жабени" од Битола, е единствена од нашата држава, која што е потписник на овој Меморандум за соработка.

Целта на ваквиот вид на партнерство е да се создадат можности за развој на меѓусебна соработка и деловно поврзување на индустриските зони од Западен Балкан со индустриски зони кои што се во земјите на ЕУ, како и да се поддржи трансферот на еколошки одржливи практики, во нивното работење.

Иницијативата се спроведува во рамките на Берлинскиот процес и придонесува кон реализација на Акцискиот план за заедничкиот регионален пазар за периодот 2025–2028 година, кој беше усвоен од лидерите на земјите од Западен Балкан. На овој начин треба се зајакне регионалната економска интеграција, да се подобри конкурентноста и постепено да се усогласи регионот со правилата и стандардите на ЕУ, како чекор кон подлабока интеграција во Единствениот пазар на Европската Унија.

ИЗВРШНИОТ ДИРЕКТОР И ТИМОТ НА НОРВЕШКАТА КОМПАНИЈА „AVILO" НА СРЕДБА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА БИТОЛА

Градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски одржа средба со претставници на норвешката технолошка компанија „Avilo group", која отвори свое претставништво во Битола. На средбата присуствуваа Стеинар Мек Шејн Ериксен, извршниот директор и основач на „Avilo" од Норвешка, како и претставници од компанијата задолжени за претставништвото во Македонија.За време на средбата беше презентирана работата и визијата на компанијата „Avilo group", како и причините поради кои од повеќе градови и држави, токму Битола беше избрана како локација за инвестиција и понатамошен развој. Претставниците на компанијата истакнаа дека тимот ја препознал Битола како град со потенцијал, квалитетни млади кадри и можности за долгорочен раст.



РАЗГОВОРИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРНОТО ПОВРЗУВАЊЕ НА ПЕЛАГОНИЈА



Градоначалникот на Битола Тони Коњановски заедно со претседателот на Регионалната стопанска комора Мирко Велковски го пречекаа вицепремиерот и министер за транспорт Александар Николоски кој во Битола присуствуваше на состанокот на Управните одбори на двете регионални стопански комори на Битола и Прилеп. Акцентот на состанокот беше ставен на инфраструктурното поврзување на овој регион, за поголема помош и придобивка за уште поголем развој на стопанството.Стопанствениците со пет точки за разговор. Главниот акцент ставен на изградбата на автопатот Прилеп-Битола, автопатот Дреново-Прилеп, обиколница Битола-граничен премин Меџитлија, обиколница Ресен-Охрид и железничкото поврзување со Грција.

ПРВА КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ ЗА РАЗВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Се одржа првата Конститутивна седница на новиот Совет за развој на Пелагонискиот плански регион, на која учествуваа градоначалниците на деветте општини што го сочинуваат регионот, а за претседател беше избран Стевче Стевановски, градоначалник на општина Новаци. Градоначалниците ја изразија подготвеноста за координирани активности во привлекување инвестиции, подобрување на регионалната поврзаност и имплементација на проекти со поддршка од национални и меѓународни фондови.

Градоначалникот со своето присуство имаше можност да ги слушне предлозите и проектите кон побрз економски раст и развој на Пелагонија и Преспа за 2026 година.





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КОЊАНОВСКИ НА СЕДНИЦА НА РЕГИОНАЛНАТА СТОПАНСКА КОМОРА

Градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски присуствуваше на 21-та свечена предновогодишна средба на Управниот одбор на Регионалната стопанска комора со седиште во Битола.



„КАКО ДО ПОДОБРИ УСЛУГИ ЗА ГРАЃАНИТЕ ОД ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА"





Јавните претпријатија беа тема на панел дискусијата насловена „Како до подобри услуги за граѓаните", бидејќи тие се сервис на граѓаните и се важна алка во нашето секојдневие. Беше кажано дека и тие беа и се исправени пред бројни предизвици. По ковид пандемијата следуваше енергетската криза, а потоа периодот на напорите за нивно стабилизирање.Советот на Општина Битола и Општина Битола како транспарентни институции ја организираа оваа панел дискусија со цел да се отвори темата со јавноста како да се подобрат услугите за граѓаните.



Градоначалникот на Битола Тони Коњановски зборуваше за предизвиците со кои се соочија во минатото јавните претпријатија во Битола, а го спомена и примерот со меѓуопштинското претпријатие „Пелалинк" кое опфаќа три општини, што беше поздравено од присутните како практичен пример на темата на која се дискутира.Според него современото управување со комуналните услуги е пред историски предизвик.

ПОТРЕБАТА ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНИТЕ КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

Во организација на Здружението на даватели на комунални услуги во Охрид се одржа настанот „Денови на АДКОМ – Денови на комунални услуги".Настанот ги обединува претставниците на институциите, јавните комунални претпријатија, локалната самоуправа и меѓународни експерти, со цел отворање на клучни прашања и предизвици во комуналниот сектор. Учествуваа и директорите на битолските јавни претпријатија „Водовод", „Комуналец" и „Нискоградба".

ПРАВЕДНА ЕНЕРГЕТСКА ТРАНЗИЦИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО: РАБОТНИЦИ, ЗАЕДНИЦИ И ДИЈАЛОГ

Со цел да ги приближи локалните чинители во директен дијалог со надлежните национални институции, како и подобра координација и вклучување на локалните перспективи во процесите на енергетска транзиција, во Скопје се одржа конференцијата „Праведна енергетска транзиција на локално ниво: работници, заедници и дијалог". Покрај воведното обраќање, секретарот на општина Битола Борче Димитровски се обрати на панел дискусијата „Локалните економско-социјални совети (ЛЕСС) како двигател на праведната транзиција", на која ја истакна потребата од функционирањето на Локалните економско социјални совети (ЛЕСС) во општините, но и потребата од неговото преструктуирање, пред се на законска основа. Во однос на процесот на Праведна транзиција, Димитровски посочи дека неминовно е сите да се залагаат за почист воздух, но истовремено треба да се внимава и на економската состојба во општината.





СРЕДБА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КОЊАНОВСКИ СО МИНИСТЕРКАТА БОЖИНОВСКА

Градоначалникот на Битола Тони Коњановски имаше средба со министерката за енергетика, рударство и минерални суровини Сања Божиновска. На средбата стана збор за енергетската иднина на Битола, за новиот Закон за енергетика кој опфаќа широка лепеза на одговорности и за општините. Зборуваа и за новите можности за имплементација на енергетска ефикасност во јавни институции и потребата од вклучувањето на индивидуалните објекти во насока на подобрување на енергетската ефикасност. Дел од регулативите се содржат и во Општинскиот енергетски план за 2026 година за Општина Битола.





БИЗНИС ФОРУМ ЗА ЛОКАЛЕН БИЗНИС-ГЛОБАЛНИ ПАЗАРИ





Градоначалникот на Битола Тони Коњановски присуствуваше на 5-от Бизнис форум кој го организираа Ротари Клубот „Битола Широк Сокак" и Регионалната комора Битола.
Темата на овој форум беше „Локален бизнис – глобални пазари: можности за извоз и економска соработка”
Форумот имаше за цел да отвори дискусија за можностите за развој на извозот на компаниите од Пелагонискиот регион, како и за улогата на економската дипломатија и конзуларните претставништва во поттикнување на економската соработка и интернационализацијата на домашните претпријатија.

РАБОТНА СРЕДБА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КОЊАНОВСКИ СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА АЗЕСКИ





Градоначалникот на Битола Тони Коњановски, оствари средба со претседателот на Стопанската комора на Македонија Бранко Азески, придружуван од претседателот на Регионалната стопанска комора Мирко Велковски и членови на Управниот одбор на Регионалната комора во Битола.На средбата се разговараше за активности кои треба да се преземат на локално ниво, за развој на стопанството во битолскиот регион. Беше спомената патната и гасна инфраструктура, како клучни приоритети во интерес на бизнисите во регионот и коридорот 10, патната и железничката инфраструктура во регионот кои се од суштинско значење, односно реализација на автопат Прилеп – Битола 40 километри и обиколница Битола – Меџитлија 19 километри.
Посебен акцент беше ставен на потребите од кадар за бизнисот како врвни прашања за кои секојдневно се разговара и се иницираат активности од страна на бизнис заедницата.

КАМЕН ТЕМЕЛНИК НА ДАЛНОВОДОТ БИТОЛА-ЕЛБАСАН

Градоначалникот на Битола Тони Коњановски присуствуваше на поставувањето на камен темелник за 400 kV далновод од ТС „Битола 2" на граничниот премин Ќафасан, на македонско-албанската граница. Премиерот Христијан Мицкоски истакна дека интерконективниот далекувод Битола–Елбасан не е обичен далекувод, тој е симбол на една затворена празнина која со години стоеше како пречка на нашиот пат. Коридорот 8, кој треба да биде артерија на економијата, долго време имаше прекин во својата енергетска мрежа. Сега, со овој проект, таа празнина конечно се затвора.



Со изградбата на овој 400 киловолтен далекувод, долг околу 100 километри, ја воспоставуваме последната енергетска врска којашто недостасува со нашите соседи. На свеченоста претседателот на Владата нагласи дека инвестицијата во далекуводот Битола-Елбасан значи спасен проект од сигурно пропаѓање.



НОВ СОСТАВ НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛНИОТ СОВЕТ



За претседавач на ЛЕСС Битола избран е Никола Трпеновски-стопанственик,за заменик претседавач избран е Борче Димитровски-секретар на Општина Битола и за секретар избрана е Емилија Саравска од одделението за економски развој.

Се одржа конститутивна седница на новиот состав на Локалниот економско-социјален совет (ЛЕСС).
ЛЕСС ги следи состојбите и разгледува прашања кои се однесуваат на подобрувањето на економско социјалната положба на работниците и работодавачите во општината каде што е формиран и дава свои мислења и предлози за специфичните прашања како што се економскиот и социјалниот развој на општината, вработување со акцент на младите, животниот стандард, развивање и унапредување на колективното договарање, подобрување на работните услови за заштита при работа, образованието и професионалната обука, демографските движења и други прашања во согласност со актите на ЛЕСС.

КОНСТИТУИРАН ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Општинскиот совет за социјална заштита на Општина Битола одржа конститутивна седница, со што започна работата на третиот состав на Советот, во насока на зајакнување на локалниот систем на социјална поддршка.
На седницата, за претседавач беше избрана советничката во Советот на Општина Битола Марина Крстиќ, за заменик претседавач советничката во Советот на Општина Битола Софија Ристевска-Петрушева, додека за секретар беше избрана Симона Јовеска, советник за социјални услуги за ранливи групи во општина Битола.

Во фокусот на дискусијата беше улогата на Советот како координативно тело кое ги обединува институциите, граѓанските организации и локалната самоуправа во креирање ефективни решенија за ранливите категории граѓани.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА БИТОЛА ИЗБРАН ЗА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС



Генералното собрание на ЗЕЛС, највисокото тело на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Македонија, ја одржа конститутивната седница. На дневен ред беше и изборот на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на ЗЕЛС. Градоначалникот на Битола, Тони Коњановски беше избран за член на Управниот Одбор кој е составен од 19 градоначалници.

КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Советот за женско претприемништво е советодавно и координативно тело формирано од Општина Битола со цел поттикнување, развивање и поддршка на женското претприемништво, економско зајакнување на жените и унапредување на локалните политики поврзани со претприемачкиот развој. Се одржа конститутивната седница на овој втор Совет на која беа избрани новите раководни тела. За претседавач беше избрана Моника Марковска- д-р по менаџмент, за заменик претседавач Павлина Василевска- дипломиран економист и за секретар Анита Крстевска- дипломиран економист. „Со вашите активности, сите ваши собири, она што може да се види и да се научи сте добар поттик помладите од вас да започнат свој бизнис, да се охрабрат, да останат во овој град, што за сите нас е секако најголемиот мотив" рече градоначалникот на Битола, Тони Коњановски.





УБАВИНАТА КАКО СТАВ-ПРОМОЦИЈА НА ЖЕНИ ВО ИНДУСТРИЈАТА ЗА УБАВИНА

Убавината не е само изглед. Убавината е храброст, креативност и самодоверба, беше мотото на настанот „Убавината како став", посветен на промоција на жени претприемачи од индустријата за убавина – жени кои преку својата работа создаваат стил, самодоверба и нови можности.На настанот кој го организираше Советот за женско претприемништво на Општина Битола, се обрати градоначалникот на Битола, Тони Коњановски.Присутните имаа можност да се запознаат со успешни жени од секторот за убавина, да видат презентации во живо на нивните услуги и производи, да слушнат инспиративни приказни за претприемништво и да воспостават нови соработки и контакти.







ДОГОВОР СО ПОЖАРНИКАРИТЕ

Со пожарникарите од Територијалната противпожарната единица на Битола беше потпишана спогодба за решавање на индивидуален работен спор за исплата на разлика во плата за периодот од ноември 2022 заклучно со февруари 2025 година.Со ова се избегнуваат судски спорови за овој период, а исплатата на средствата започна веднаш.



ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА СИЉАНОВСКА ДАВКОВА НА СРЕДБА СО СОВЕТОТ ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА



Советот за женско претприемништво на Општина Битола беше домаќин на претседателката на Македонија Гордана Сиљановска Давкова, придружувана од градоначалникот на Битола Тони Коњановски, заменик градоначалничката Марина Крстиќ и претседателот на Советот Бојан Бојкоски.

Целта на настанот, како што истакнаа на средбата е создавање заедница во која жените ќе се охрабруваат меѓусебно, ќе ги препознаваат можностите на новото време и ќе ја развиваат сопствената сила преку знаење, личен развој, соработка и меѓусебна поддршка. Веруваме дека секоја промена започнува со една охрабрена личност, а секоја силна заедница започнува со луѓе кои се подготвени да вложат во себе и во другите.



Малиот саем не беше само претставување на нивната работа, туку сведоштво дека зад секое дело стои истрајност, знаење и храброст.

На настанот се испрати порака дека вреди да се учи, да се расте, да се остане достоинствен и дека вистинското лидерство започнува со грижа за човекот.





ЗАВРШНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ ПО МЕРКА НА МЛАДИТЕ"

Во Битола се одржа завршната конференција на проектот „Младински политики по мерка на младите", кој „Про Локал" го имплементира со поддршка од Владата на Швајцарија преку програмата „Цивика мобилитас". Завршниот настан претставуваше можност за заедничко одбележување на реализираните активности и постигнатите резултати, како и за презентација на клучните наоди и искуства произлезени од имплементацијата на проектот, со посебен фокус на унапредувањето на младинското учество и креирањето политики кои одговараат на реалните потреби и приоритети на младите.
На настанот присуствуваше и се обрати министер во Министерството за социјална политика, демографија и млади Ѓоко Велковски, со што дополнително се истакнува значењето на младинското учество и на локалните иницијативи во креирањето и унапредувањето на младинските политики.Во своето обраќање градоначалникот на Битола Тони Коњановски рече дека младите во нашиот регион немаат исти услови во зависност од тоа дали живеат во урбаните средини како Битола и Прилеп или во помалите и руралните средини како Новаци, Могила, Долнени, Кривогаштани, Крушево или Демир Хисар. Но, според него, правото на секој млад човек да биде слушнат, да има услови за развој и да остане во својот роден крај мора да биде исто за сите.







На настанот и свечено доделување на наградените бизнис иноватори од Пелагонија на Регионална Платформа за Млади - Регионален натпревар на иновативни бизнис идеи за младите од Пелагонискиот регион.

БИТОЛА ИМА ПОТЕНЦИЈАЛ! ЗЕЛЕНИ РАБОТНИ МЕСТА ШТО Е ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРАВЕДНАТА ЕНЕРГЕТСКА ТРАНЗИЦИЈА ВО ПЕЛАГОНИЈА







Градоначалникот на Битола Тони Коњановски и амбасадорот на Шведска Ола Сулстром, се обратија на настанот за вмрежување на Локалните економско-социјални совети (ЛЕСС), посветен на темата „Праведна енергетска транзиција во Пелагонија – нови вештини, иновации и одржлив економски развој". Настанот беше во организација на МКЦ Битола и Еко-свест од Скопје, а во соработка со Локалниот економско-социјален совет на општина Битола.„Праведната транзиција е реалност и повеќе пати Локалниот економско социјален совет и Општина Битола ги отворале овие значајни теми кои се специфични сами по себе, но треба да ги прилагодиме на ниво за секој граѓанин да разбере за што конкретно зборуваме. Едно е да имаме документи и хартија, а сосема друго е она што се случува на терен. Подеднакво е важно изготвувањето на плановите, документите за патоказот на праведната транзиција, но уште поважно е како тоа се реализира на терен. Општина Битола има капацитет за подготовка на проектни документации и може да се вклопи согласно законските регулативи и надлежности на општината", рече секретарот на Општина Битола, Борче Димитровски.

СОВЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА

КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА - БОЈАН БОЈКОСКИ ИЗБРАН ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ



На конститутивната седница беше усвоен новиот состав на Советот на Општина Битола. На седницата присуствуваше градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски, како и гости од збратимената општина Стари Град – Белград, Република Србија.

Во своето обраќање пред новиот советнички состав, градоначалникот Тони Коњановски упати порака за заедништво и посветеност кон развојот на општината.

За нов претседател на Советот на Општина Битола беше избран советникот Бојан Бојкоски од ВМРО-ДПМНЕ.

„Дискусијата во Советот мора да се подигне на повисоко ниво. Нема да дозволам навреди и лични пресметки. Кога има волја, има и резултати. Ќе успееме, само ако сме обединети", порача Бојкоски.

По завршувањето на конститутивната седница, новиот претседател на Советот на општина Битола, оствари работна средба со градоначалникот Тони Коњановски во неговиот кабинет.





СОСТАВ НА СОВЕТОТ

Бојан Бојкоски-претседател на Советот
Филип Поповски-советник
Мартин Ивановски-советник
Ангела Здравковска-советничка
Александар Јаневски-советник
Кети Јосифовска-советничка
Илија Келепуровски-советник
Иле Кочишки-советник
Марина Крстиќ-советничка
Александра Лазаревска-советничка
Наташа Марковска-советничка
Љубе Никлески-советник
Кире Ризески-советник
Јована Спасеноска-советничка
Златко Лозановски-советник
Александар Цветаноски-советник



Петар Николовски-советник
Јадранка Павловска-советничка
Драги Крстев-советник
Софија Петрушевска Ристевска-советничка
Александар Дракуловски-советник



Миле Трајковски-советник
Снежана Василевска-советничка
Иван Чулакоски-советник
Никола Гагоски-советник

Горан Велевски-советник
Гаврил Трајковски-советник

Јагода Талевска-советничка

Стефан Тековски-советник

Валдета Мусаи Фејзуловска-советничка

Димитар Кузмановски-советник



ТОЧКИ ПО ДНЕВЕН РЕД ОД СЕДНИЦИИ

1 – ва Констутивна (05.11.2025) - 23
2 – ра Седница (14.11.2025) - 38
3 – та Седница (27.11.2025) - 59
4 – та Седница (29.12.2025) - 86
5 – та Седница (29.01.2026) - 55
6 – та Седница (26.01.2026) - 50
7 – ма Седница (13.03.2026) - 31
8 – ма Седница (31.03.2026) - 36
9 – та Седница (08.04.2026) - 6
10 – та Седница (29.04.2026) - 8
11 – та Седница (12.05.2026) - 40
12 – та Седница (18.05.2026) - 10
13 – та Седница (12.06.2026) - 67
14 – та Седница (07.07.2026) - 23
15 – та Седница (21.08.2026) - 60
16 – та Седница (18.09.2026) - 43
Вонредна Седница (20.10.2026)- 1





ДОНЕСЕНИ АКТИ

ОДЛУКИ	-	199
ЗАКЛУЧОЦИ	-	115
РЕШЕНИЈА	-	253
ПРОГРАМИ	-	58
БУЏЕТ	-	2
ЗАВРШНА СМЕТКА	-	1
БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР	-	2
ТАРИФЕН СИСТЕМ	-	1
ИЗЈАВА	-	1
ПРАВИЛНИК	-	2
ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТ	-	1
ДЕЛОВНИК	-	1



ЖИВОТНА СРЕДИНА

Зелена и чиста Битола, одговорноста кон водата и искористувањето на обновливите извори на енергија

ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ОПРЕМА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Во Битола беше промовирана и доделена дел од предвидената опрема за управување со отпад (возила и контејнери/канти) за општините од Пелагонискиот и Југозападниот регион.Со возилата, контејнерите и кантите за отпад кои Владата преку Министерството за животна средина и просторно планирање ги доделува на јавните комунални претпријатија во овие општини, се олеснува и се подобрува работата на јавните комунални претпријатија во овие општини.

Градоначалникот на Битола, Тони Коњановски кажа дека зборуваме за еден многу значаен проект за животната средина во нашата држава, проект кој бара системски пристап на повеќе институции на локално, регионално и централно ниво за да резултира со трајни решенија за проблемот кој со децении го чувствуваат граѓаните, а особено жителите на големите урбани средини.







СЕ ОБНОВУВА ВОЗНИОТ ПАРК ВО ЈП „КОМУНАЛЕЦ" БИТОЛА

Со две нови комунални возила беше збогатен возниот парк на јавното претпријатие „Комуналец" Битола, за што како што рече директорот Горан Степановски она што го ветија пред јавноста го реализираат.



Набавени се две возила, едното за собирање комунален отпад, а другото за селекција на отпад. Капацитетот е од 8 м3 и на двете возила.На средбата со градоначалникот Коњановски и претседателот на Советот Бојкоски, Степановски кажа дека и во текот на годината дополнително ќе се обновува возниот парк.



СО НОВА МЕХАНИЗАЦИЈА СЕ МОДЕРНИЗИРА БИТОЛСКА „НИСКОГРАДБА"



Дека се купи нова машина е вест, но уште поголема вест и за пофалба е тоа што сегашното раководство купи нова машина, што не било случај во изминатите 15 години, беше кажано на промоцијата на новата машина.
Во присуство на претседателот на Советот Бојан Бојкоски и директорите на другите јавни претпријатија, директорот на „Нискоградба" Зоран Талевски кажа дека и покрај тешката енергетска криза, претпријатието вложува во осовременување на возниот парк. Како што рече, после 15 години набавена е нова градежна машина „HIDROMEK" и променети се две надградби на товарни „RENO Master" возила со вкупна вредност од околу 6.000.000 денари.



ДВА НОВИ КАМИОНИ ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ОТПАД ЗА ЈП „КОМУНАЛЕЦ"



Во ЈП „Комуналец" Битола пристигнаа уште 2 камиони за подигнување на отпад од 12 м3, со што бројот на пристигнати возила е 6 од вкупно планираните 10.

Ова се возила кои Владата преку Министерството за животна средина и просторно планирање ги доделува на јавните комунални претпријатија во општините со што се олесува се подобрува работата на јавните комунални претпријатија, во конкретниот случај на битолски „Комуналец".Со ова се создаваат услови за поголема покриеност и поквалитетна услуга за граѓаните и во урбани и во рурални средини, поефикасно собирање на отпадот и зголемување на реоните за селекција уште на местото на создавање.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА БИТОЛА НА ЗАПОЧНУВАЊЕТО НА ПРОЕКТОТ „ОТПОРНИ И ЕФИКАСНИ КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА"

Градоначалникот на Битола Тони Коњановски присуствуваше на конференцијата со што официјално започна проектот „Отпорни и ефикасни комунални претпријатија", чија главна цел е да се зголеми отпорноста и ефикасноста на комуналните претпријатија во услови на климатски промени, енергетски кризи и иселување на населението.За реализација на проектот се обезбедени 6,5 милиони швајцарски франци грант од Државниот секретаријат за економски прашања (SECO), додека Министерството за животна средина и просторно планирање учествува со национална контрибуција од 0,5 милиони швајцарски франци.На панел дискусијата за предизвиците на водоводните претпријатија учествуваше и директорот на ЈП „Водовод" Битола, Андреј Гинов.





ВО ОПШТИНА БИТОЛА СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ „ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД"



И во Општина Битола се реализираше една од најмасовните акции во државата „Генералка Викенд".Вклучени беа основни и средни училишта, градинки, здруженија, културно уметничко друштво, средношколски дом, а се чистеа и 12 локации, односно диви депонии, од страна на јавното претпријатие „Комуналец".
Главна цел беше отстранување на отпадот од јавните површини, парковите и дивите депонии во градот и околината.Но, целта на „Генералка викенд" не е само собирање на отпадот, туку нешто многу подолготрајно како што е и поддршка на процесот на селекција и рециклирање.





СЕ ЧИСТЕШЕ ДИВА ДЕПОНИЈА ВО СТАРАТА КАСАРНА

Универзитетот „Св. Климент Охридски" заедно со ЈП „Комуналец" ја чистеа дивата депонија кај еден од објектите на универзитетот. Градоначалникот на Битола Тони Коњановски апелираше до граѓаните да бидат одговорни кон средината во која живееме. Ректорот Игор Неделковски изрази благодарност до градоначалникот на Битола и ЈП „Комуналец" бидејќи одговорија на нивната молба околу чистењето на дел од објектите на универзитетот. Директорот на ЈП „Комуналец" Горан Степановски изрази надеж дека ова ќе биде последно чистење на оваа дива депонија и дека свеста на граѓаните ќе проработи.







ЈАВНА ДИСКУСИЈА ЗА ПРАВЕДНАТА ТРАНЗИЦИЈА

Младинскиот културен центар Битола во соработка со Локалниот економско-социјален совет на општина Битола (ЛЕСС), организираше јавна дискусија на тема „Праведната енергетска транзиција, нејзините социјални индикации и потребите на празарот на труд", во рамките на програмата за одбележување на празникот „ 4 Ноември". Со цел да се поттикне дискусија помеѓу граѓаните, институциите и бизнис заедницата и да се извлечат конкретни заклучоци и решенија, на јавната дебата беа поканети панелисти од различни области. Секој од свој агол истакна кои се чекорите и насоките кои што е потребно да се преземат, за што помали социо-економски последици врз локалното население од регионот. Настанот се реализира со поддршка на општина Битола.





РЕГИОНАЛЕН ФОРУМ ЗА КЛИМА, ЕНЕРГЕТСКА ТРАНЗИЦИЈА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ



Градоначалникот на Битола Тони Коњановски се обрати на регионалниот форум за клима, енергетска транзиција и одржлив развој во Западен Балкан - МЕФ 2026 во Скопје.
Форумот се одржува со мотото „Унапредување на климатската отпорност и енергетската транзиција на патот кон COP31", а организиран е во партнерство со Делегацијата на Европската Унија во Македонија и Министерството за животна средина и просторно планирање како една од најзначајните регионални платформи за климатска дипломатија во Југоисточна Европа. Коњановски беше говорник на панелот на тема: Праведна транзиција и социјална инклузија.

ВОДАТА Е ЖИВОТ-ЗАЕДНО ЈА ЧУВАМЕ

Градоначалникот на Битола, Тони Коњановски присуствуваше на работниот состанок во ЈП „Водовод" Битола, каде со директорот Андреј Гинов имаа средба со претставници од швајцарска амбасада за реализација на проектот за надминување на постојните предизвици. Проектот кој е насочен кон модернизација на водоводниот систем, опфаќа прецизна евиденција и контрола на потрошувачката, воведување SCADA систем и современи водомери, подобрување на наплатата и намалување на загубите, со посебен акцент на руралните средини.





ВОДОСНАБДУВАЊЕ ВО СЕЛАТА И СПРАВУВАЊЕ СО НЕДОСТИГОТ НА ВОДА



Битола како и други општини од земјава, регионот и пошироко се соочува со проблеми во водоснабдувањето, особени во руралните области, каде е потребно обезбедувањето еднаков пристап до безбедна и сигурна вода за пиење, а тоа пак е и голема одговорност и предизвик за локалната самоуправа. Поради тоа Општина Битола, аплицираше на Петтиот повик на Интерег Еуро – Мед Програмата и го доби проектот „Иновативни решенија за подобрување на водоснабдувањето во селата и справување со недостигот на вода кај отпорни рурални и планински подрачја - „Watervill" " со кој заедно со уште неколку градови партнери, преку вклучување на локалната заедница и јавното претпријатие „Водовод" ќе работат на решавање на овој предизвик.

ЌЕ СЕ НАБАВУВААТ ЕЛЕКТРИЧНИ ВЕЛОСИПЕДИ КОИ ГРАЃАНИТЕ ЌЕ МОЖАТ ДА ГИ ИЗНАЈМУВААТ

Градоначалникот на Битола Тони Коњановски на седницата на која се носеше ребалансот на Буџетот за 2026 година кажа дека во Програмата за животна средина планирани се 5.000.000 денари за набавка на електрични велосипеди, што ја потврдува тенденција за Битола да стане вело град, преку создавање на вело инфраструктура, но и набавка на велосипеди кои ќе можат да ги користат граѓаните. Како што објасни претседателот на Советот Бојан Бојкоски новите електрични велосипеди ќе бидат на принципот изнајмување преку апликација по симболични цени на изградените велосипедски патеки, односно на неколку пунктови граѓаните ќе имаат можност да ги изнајмуваат со цел да ги користат велосипедските патеки, а втората намена беше, бидејќи голем дел од граѓаните немаат можност сите да имаат електрични велосипеди да имаат можност да пробаат какво е користењето на електрични велосипеди.



ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗООЛОШКИТЕ ГРАДИНИ

Битолската Зоолошка градина организираше презентација на Националната Стратегија за Зоолошки градини. Експерти, претставници од релевантни институции, градоначалникот на Битола, претседателот на Советот, советници и други гости беа дел од оваа презентација која има за цел остварување на неколку цели кои пак ќе не усогласат и со директивите на Европската унија. Стратегијата е изработена со поддршка од Министерството за животна средина и просторно планирање. Стратегијата е направена врз основа на длабинска анализа на зоолошките градини во Битола и Скопје.Градоначалникот на Битола, Тони Коњановски кажа дека Општина Битола на вториот повик на Владата аплицираше и беше одобрен проектот преку министерството за култура и туризам за изградба на објект на Терариум и објект на Копитари.Изградбата на ново живеалиште за копитари е во вредност од 9.634.336 денари, а изградба на современ терариум во вредност од 8.994.667 денари.



ОПШТИНАТА ПАРТНЕР НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА РОМИ ВО ЈАВНИТЕ ОПШТИНСКИ УСТАНОВИ-ДЕТСКИ ГРАДИНКИ

Во Клубот на пратеници, беше потпишан трипартитен Договор за соработка за учебната 2025/2026 година за инклузија на деца Роми во детските градинки, помеѓу Министерството за социјална политика, демографија и млади, Општина Битола и ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара". ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара" од Битола се обврзува да изведува воспитно - згрижувачка дејност во воспитни групи за 20 деца Роми на возраст од 3-6 години, кои се во социјален ризик, согласно препораката од Владата, во рамките на проектот „Инклузија на деца Роми во јавните општински установи-детски градинки".

Целта на проектот е да се обезбеди поголем пристап до предучилишните установи на деца Роми, нивна инклузија и социјализација, како и подигнување на свеста на родителите од важноста за образованието на нивните деца.





„ОБОИМЕ ВО ПРИЈАТЕЛ"- ХУМАНИТАРЕН ХЕПЕНИНГ

По повод 3-ти декември Меѓународниот ден на лицата со попреченост Лајонс клубот „Кабадаја" организираше настан кој беше под мотото „Сонцето свети за сите или обоиме во пријател".Цртежите кои што ги правеа и нивните пораки кои што ги испишаа се креативна експресија на дечињата со која што тие препознаваат дека децата треба да бидат дел од секојдневието, во играта, во училиштето, во домот, секаде во нашето општествено живеење.







НОВОГОДИШНА ПРИРЕДБА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

Новогодишна приредба на учениците од Основното училиште со ресурсен центар „Кочо Рацин " - настан како дел од „Зимска приказна", традиција што го збогатува празничниот дух на магичната Битола. Особена чест и радост е што оваа година ОУРЦ „Кочо Рацин" е дел од битолската празнична незаменлива магија.







ВРАЧЕНИ НАГРАДИТЕ НА НАЈДОБРИТЕ ВОЛОНТЕРИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА

5-ти декември е Меѓународниот ден на волонтерите и на овој ден секоја година се доделуваат наградите за најдобри волонтери кои со своите активности и ангажмани го поттикнуваат и промовираат волонтерството во Битола.Локалниот совет за волонтерство на општина Битола (ЛСВ), ја додели наградата за волонтерски ангажман во локалната заедница за 2025 година на Доброволно противпожарно друштво „Архангел" – Битола, иницијативата „ЕкоРозе", иницијатива „Волонтерско цртање во Зоолошка градина", Јулијана Делев и Лина Чашитовска.









„ДИГИТАЛНА ЗОНА-БЕЗБЕДНИ ТИНЕЈЏЕРИ, БЕЗ НАСИЛСТВО"





Подигнување на свеста кај средношколците за дигиталното насилство, токсичните онлајн врски, онлајн уцените, притисоците и предизвиците кои младите ги доживуваат на социјалните мрежи. Стручната фела, невладините, учениците, дискутираа на овие теми и проблеми на настанот „Дигитална зона-безбедни тинејџери, без насилство", организиран од здружението за развој на ромската заедница „Сумнал". Учесниците на трибината ги поздрави градоначалникот на Битола, Тони Коњановски.

ПРОМОЦИЈА НА МЛАДИНСКИОТ ЦЕНТАР



Градоначалникот на Битола, Тони Коњановски имаше средба со директорите на основните училишта од Битола. Ова доаѓа по успешното промовирање пред средните училишта што се случи во текот на првото полугодие кога таква средба имаше со директорите на средните училишта, а фактот дека за 30 проценти се зголеми бројот на посети од страна на средношколци, сега фокусот е на основните училишта, односно ученици од 8 и 9 одделение.

ГЛАС ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО

Градоначалникот на Битола Тони Коњановски заедно со претседателката на Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Битола, Марина Крстиќ имаа средба со извршната директорка на Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство", Елена Димушевска. Општина Битола продолжува да обезбедува континуирана финансиска поддршка од 1 милион денари за советувалишниот центар за жените и децата жртви на родово базирано и семејно насилство, се со цел непречено функционирање на центарот, каде што жртвата добива психолошка поддршка, кариерно советување и правна помош.



Градоначалникот на Битола Тони Коњановски учествуваше и се обрати на завршниот мултипликативен настан во рамките на Еразмус+ проектот „Остварување на гласовите на младите низ европските простори", финансиран од Европската Унија.Проектот има за цел да го зајакне учеството на младите во процесите на донесување одлуки, да поттикне соработка помеѓу младите, граѓанските организации и локалните самоуправи и да придонесе кон развој на младинските политики во периферните региони на Европа.

ТАНЦОВ ПРЕДИЗВИК „МОСТОВИ НА ПРИЈАТЕЛСТВО"



Се одржа завршницата на јавниот конкурс за меѓуучилишен танцов предизвик што го организираше Општина Битола во соработка со Здружението за развој на ромската заедница „Сумнал" од Битола, а кој се реализира во рамките на солидарниот проект „Мостови на пријателство". Овој предизвик не е само натпревар по танц, туку беше покана за дружење, поврзување и создавање пријателства меѓу младите од различни етнички и социјални заедници во Битола.

МЛАДИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ



МОБИЛНИ СОЦИЈАЛНИ ПУНКТОВИ

Градоначалникот на Битола присуствуваше на настанот „Мобилни социјални пунктови", организиран од Советот за социјална заштита на Општина Битола во соработка со здруженија на граѓани од Битола. На настанот граѓаните имаа можност директно да добијат информации од претставници на институциите што работат во областа на социјалната заштита за нивните социјални права, достапните услуги и мерки, како и за начинот на нивно остварување.



БЕСПЛАТЕН ПАРКИНГ ЗА ЛИЦА СО АУТИСТИЧЕН СПЕКТАР

Градоначалникот Коњановски оствари средба со Здружението на деца и млади со посебни потреби и нивните родители „Невроразлични"-Битола и Здружението на психолози за стручна и морална поддршка на деца и возрасни „Рилука"-Битола на која се заблагодарија за одлуката за бесплатно паркирање на јавните паркиралишта за лица со аутистичен спектар и за бесплатните рехабилитациски третмани на деца со попреченост.



ЗАНАЕТ И ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ: КОНКУРЕНТИ ИЛИ СОЈУЗНИЦИ?

Локалниот младински совет на Општина Битола организираше панел дискусија каде претставници од високообразовните институции и успешни компании разговараа за можностите што ги очекуваат младите од нивното студирање до кариера.Темата на панел дискусијата беше „Занает и високо образование: Конкуренти или сојузници?



МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ ПО МЕРКА НА МЛАДИТЕ

БИТОЛА СЕ ПОВРЗУВА

Се одржа завршната конференција на проектот „Младински политики по мерка на младите", кој „Про Локал" го имплементира со поддршка од Владата на Швајцарија преку програмата „Цивика мобилитас".Завршниот настан претставуваше можност за заедничко одбележување на реализираните активности и постигнатите резултати, како и за презентација на клучните наоди и искуства произлезени од имплементацијата на проектот, со посебен фокус на унапредувањето на младинското учество и креирањето политики кои одговараат на реалните потреби и приоритети на младите.





На едно место се собраа локални организации од Битола, секоја со своја приказна, мисија и активност за вклучување.Саемот претставуваше можност да ги запознаете локалните организации во Битола, да ги откриете новите можности за волонтирање и учество и да го пронајдеш твоето место во заедницата.Целта на настанот е да се зголеми видливоста на граѓанските организации, да се доближи нивната работа до граѓаните и да се создаде директен простор за комуникација меѓу организациите, младите и поширокаата локална заедница.

ГРАДИМЕ МОСТОВИ НА ПРИЈАТЕЛСТВО



АМБАСАДОРКАТА НА САД ВО ПРВА ОФИЦИЈАЛНА ПОСЕТА НА ОПШТИНА БИТОЛА



ПРВА РАБОТНА ПОСЕТА НА НОВОИМЕНУВАНАТА КИНЕСКА АМБАСАДОРКА



АМБАСАДОРИТЕ НА ГЕРМАНИЈА И ФРАНЦИЈА ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА БИТОЛА



ЗАМЕНИК АМБАСАДОРОТ И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ РАЗГОВАРАА ЗА ЕУ ПОДДРШКАТА НА БИТОЛА



ПРИЕМ НА АМБАСАДОРКАТА НА ИЗРАЕЛ



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА БИТОЛА НА СРЕДБА СО АМБАСАДОРОТ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА

МЕЃУНАРОДЕН САМИТ НА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ ВО ПАРИЗ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕРКИТЕ ПРОТИВ

Градоначалникот на општина Битола Тони Коњановски и секретарот на општината Борче Димитровски, беа дел од Самитот на градоначалници против антисемитизмот, кој се одржа во Париз. Самитот, со кој претседаваше градоначалничката на Париз Ан Идалго, ги обедини градските лидери, креаторите на политики и претставниците на заедниците, во нивната заедничка мисија за активно спречување и сузбивање на антисемитизмот во сите негови форми. Настанот претставува значајна платформа за акција, дијалог и размена на искуства, нагласувајќи ја клучната улога на градовите во заштитата на граѓаните и унапредувањето на квалитетот на заедничкиот живот. Самитот имаше за цел да го поттикне развојот на заеднички решенија, да ја засили солидарноста меѓу градовите и да ја нагласи важноста на локалното делување во борбата против антисемитизмот.







ВО БИТОЛА ОТВОРЕН ПОЧЕСЕН КОНЗУЛАТ НА АВСТРИЈА



Со пригодна свеченост во Битола беше отворен конзулатот на Австрија, а функцијата почесен конзул ја врши битолчанецот Игор Божиновски. Конзулатот на Австрија се наоѓа на улицата „Виенска" во Битола. На свеченоста која се одржа се обрати австрискиот амбасадор Мартин Памер, македонскиот министер за надворешни работи и надворешна трговија Тимчо Муцунски, конзулот Игор Божиновски и градоначалникот на Битола Тони Коњановски.Градоначалникот Коњановски пред присутните ја истакна важноста на отворањето на уште еден конзулат во Битола, а со тоа и интензивирање на соработката со Австрија.

ВО ПОСЕТА НА МАЛА ПРЕСПА

Заедно со премиерот Христијан Мицкоски, министри, пратеници, колеги градоначалници присуствував на откривањето на споменикот на хероите Македонци од Туминец, Преспа и Мала Преспа. Чест и привилегија беше да бидам со Македонците во Мала Преспа, да разменime мислења, да чествуваме и да оддадеме почит на хероите. Под мотото „Чест за хероите, завет за иднината" Македонците од Мала Преспа, во Туминец организираа посебна свеченост за оддавање почит на хероите од овој крај.







СРЕДБА НА ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ НА БИТОЛА И ПУСТЕЦ



ПОЛСКИОТ АМБАСАДОР ВО ПРВА ОФИЦИЈАЛНА ПОСЕТА НА БИТОЛА



НОРВЕШКАТА АМБАСАДОРКА НА ПРИЕМ КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ КОЊАНОВСКИ



МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ФОНДАЦИЈАТА „КОНРАД АДЕНАУЕР"



ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ЕВРОПА



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА БИТОЛА НА СРЕДБА СО АМБАСАДОРОТ НА ШВЕДСКА



СРЕДБА СО НОВИОТ КОНЗУЛ НА БУГАРИЈА



ДЕЛЕГАЦИЈА ОД УНГАРИЈА ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА БИТОЛА



СРЕДБА СО АМБАСАДОРОТ НА АВСТРАЛИЈА



ПРИЕМ ВО АМЕРИКАНСКАТА АМБАСАДА

БИТОЛА ЦВЕТА И ВО ЕСЕН

Со пригодна свеченост откриен муралот на австралискиот уметник Финтан Скот Меги во центарот на градот по повод 30 години билатерални односи помеѓу Македонија и Австралија.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА БИТОЛА ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА ГРАЃАНСКИТЕ ЕНЕРГЕТСКИ ЗАЕДНИЦИ ВО ХРВАТСКА

Градоначалникот Коњановски со негови колеги и претставници од други Општини беше во студиска посета на Република Хрватска со цел стекнување искуства од граѓанските енергетски заедници во оваа земја. Делегацијата од Македонија ја посети Зелената енергетска Задруга во Загреб, потоа енергетската заедница„ Сава" во Општина Пушча, енергетски центар „Брачак" во градот Забок, теренска посета на инсталирана соларна електрана, со цел согледување на иновативни решенија за општински енергетски проекти.Во Крижевци каде што се спроведува пилот проектот „Крижевачки сончеви покриви" без споделени искуствата за енергетска транзиција, декарбонизација. Неколкудневната агенда заврши со посетата на Енергетската заедница на Северен Јадран, Дреново, Риека каде беа во информативниот центар за граѓански енергетски задруги.







КОЊАНОВСКИ НА РАБОТНА СРЕДБА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ХАГ: ПЕЛАГОНИЈА УЧИ ОД ХОЛАНДСКИТЕ МОДЕЛИ ЗА ИДНИНАТА





Градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски, како дел од регионалната делегација на Пелагонија, оствари работна средба со градоначалникот на Хаг, Јан ван Занен, во рамки на студиската посета на Холандија организирана од „Про Локал". Средбата беше посветена на размена на искуства за локалното управување, циркуларната економија, одржливиот урбан развој и улогата на младите во креирањето на локалните политики.Во разговорите беше ставен акцент на современите предизвици со кои се соочуваат европските градови, управувањето со отпад, климатските промени, меѓуопштинската соработка и потребата младите да бидат активни чинители во развојот на своите заедници. Градоначалникот Ван Занен сподели и лични впечатоци од неговите посети на Македонија, посебно на Скопје и Охрид, истакнувајќи ги гостопримството на македонските граѓани и убавините на земјата.Студиската посета овозможи нови контакти, размена на искуства и отворање можности за идна соработка со холандски институции, универзитети и иновациски центри, со цел добрите практики и успешните модели постепено да се прилагодат и применат во локалниот контекст.



НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

Општина со интегритет и одлична транспарентност

ОПШТИНА БИТОЛА СО ЗНАЧИТЕЛЕН НАПРЕДОК ВО УСОГЛАСЕНОСТА НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ И ВИСОКА ПОЗИЦИОНИРАНОСТ МЕЃУ ОПШТИНИТЕ ВО ДРЖАВАТА

Интегритетот има вистинско значење кога го менува начинот на кој се опслужуваат граѓаните. Потврда за тоа е работата на Општина Битола која во извештајот на Државната комисија за спречување корупција за 2025 година забележа значаен напредок во делот на прифаќањето на политиката за интегритет и учествување во процесот на следење на примената на системот за интегритет.Ако во 2024 година беше валоризирана со 49,6% исполнетост, односно во категоријата „просечно", за 2025 година Општина Битола е валоризирана со 78,31% исполнетост, со што преминува во категоријата „добро" и се позиционира меѓу општините со повисоко ниво на усогласеност со системот за интегритет. Во рамки на соработката со Националниот демократски институт, преку проектот „Заедници со интегритет", Општина Битола е дел од групата општини опфатени со активностите за јакнење на локалниот интегритет. Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) организираа обука за обучувачи „Зајакнување на практичната примена на интегритетот во општините во Република Македонија", а учеството на Општина Битола на обуката беше со цел понатамошен напредок на локалната самоуправа во зајакнувањето на интегритетот на институцијата.

Меѓу 60 офицери за интегритет и претставници на општините кои испробуваа практични алатки за управување со ризиците од корупција, спречување судир на интереси, унапредување на транспарентноста и зајакнување на внатрешното пријавување, беше и лицето за интегритет од Општина Битола Цветанка Ристевска, а Шефот на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Амбасадорот Килијан Вал го пофали досегашниот напредок на Општина Битола. „Политиките за интегритет вредат само кога водат до конкретни резултати. Граѓаните со право бараат и очекуваат транспарентни и ефикасни локални институции", рече амбасадорот Вал.



ПРОГРАМАТА „ЗАЕДНИЦИ СО ИНТЕГРИТЕТ" ВО ОПШТИНА БИТОЛА

Оваа програма има за цел да им помогне на општините во Македонија да создадат и институционализираат силни системи и практики за интегритет кои ги минимизираат ризиците од корупција и ја зголемуваат довербата на граѓаните. На обуката „Судир на интереси" присуствуваа вработени од општинската администрација, избрани и именувани функционери. Програмата „Заедници со интегритет" е проект финансиран од владите на Швајцарија и Шведска, а спроведен од Националниот демократски институт (НДИ).Програмата се спроведува во неколку општини, а меѓу нив е и Општина Битола.










ОПШТИНА БИТОЛА НА ВРВОТ ПО ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ИНТЕГРИТЕТ

За потсетување, во последниот извештај Општина Битола беше најтранспарентна општина меѓу најголемите во државата според „Транспаренси интернешнл - Македонија", претходно најтранспарентна општина според „Центарот за граѓански комуникации", Битола на прво место според индексот на отвореност според истражувањето на фондацијата „Метармофозис", со подобрена буџетска транспарентност и пример за отчетност кон граѓаните според „УСАИД", а во 2022 на врвот на ранг листата од општините според активната транспарентност прогласена од „Центарот за граѓански комуникации".

Во извештајот кој го објави Државната комисија за спречување корупција се укажува дека редовното и проактивното информирање на јавноста претставува значаен инструмент за јакнење на институционалниот интегритет и за промовирање на култура на нетолеранција кон корупцијата.Извештајот од спроведеното следење на примената на системот за интегритет за 2025 година опфаќа институции на државно и локално ниво.Во мониторираните општини е и Општина Битола со добро ниво на усогласеност. Таа е на трето место, а тоа значи дека нивоата добро и многу добро, односно резултат од над 60 проценти исполнетост на утврдените критериуми, се смета за индикатор дека општината има воспоставено и имплементирано функционален систем на интегритет, со основни механизми кои се применуваат во пракса. Процентот на исполнетост на критериумите за Општина Битола е 78,31 %.



КУЛТУРА

Битола има култура 365 дена во годината

СО ГОЛЕМА ЗАБАВА КАЈ ОФИЦЕРСКИОТ ДОМ БИТОЛА ЈА ДОЧЕКА НОВАТА 2026 ГОДИНА





Со организиран дочек на Новата година, Битола со голема забава на платото кај Офицерскиот дом ја дочека Новата 2026 година.

Вечерната програма од „Зимската приказна" започна со забава со Борче Наумовски, потоа следеше „Кабаре за раѓањето и вечноста", „Баркод бенд" и од 23:00 до 1:00 часот по полноќ гостите уживаа во музичкиот настап на групата „Нокаут".

Градоначалникот на Битола, Тони Коњановски и Дедо Мраз одбројуваа и им ја честитаа Новата година на граѓаните.

МЈУЗИКЛОТ „КАО КАКАО" ЗА ПОЧЕТОКОТ НА БИТ ФЕСТ 2026

Спектакуларно со мјузиклот „Као какао", впечатлива љубовна приказна инспирирана од безвременската музика на Влатко Стефановски, напишана од Венко Андоновски, а поставена во режија на Дејан Пројковски, во преполната сала на Центарот за култура беше отворено најдолгото и најсодржајното културно лето БИТ ФЕСТ.Ова продукциско дело обедини врвни мајстори на пишаниот зборот, музиката, режијата, актерството и менаџментот и голем број учесници на сцената.Од пристигнатите апликации избрани беа 70 настани, а тука се и содржините, односно традиционалните манифестации кои се случуваат во Битола.







56-ТО ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛОТ „ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ"



По 56-ти пат се одржа Републички фестивал на народни игри и песни „Илинденски денови" во Битола. Како увертира на свеченото отворање се одржа највпечатливиот настан на овој фестивал фолклорното дефиле-со песна и игра низ битолските улици. Стотици учесници од земјата и светот продефилираа низ Широк Сокак, носејќи ја убавината на фолклорот, музиката и културното наследство. На фестивалската сцена во преубавиот амбиент на платото пред Офицерскиот дом, КУД „Илинден" од Битола ја изведе Комитската легенда со што започнаа фестивалските вечери.

ЦЕЛ СВЕТ НА ЕДНО МЕСТО, ФОЛКЛОРНА ДРУЖБА СО ГОСТИ ОД ФЕСТИВАЛОТ „ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ"

САД- Венецуела, Порторико, Кина, Грузија, Холандија, Унгарија, Словачка, Грција и Шведска и секако од земјата домаќин Македонија, беа дел од годинашното издание на „Илинденски денови".
Градоначалникот на Битола Тони Коњановски и оваа година организираше прием, односно фолклорна дружба со гости од фестивалот „Илинденски денови", кои и годинава ја разиграа Битола и ја обоија во боите на фолклорот.





ФЕСИВАЛ НА МОНОДРАМАТА



На затворањето на Фестивалот на монодрамата градоначалникот на Битола Тони Коњановски како и секоја година ја додели наградата од публиката за најдобра монодрама на 27-то издание. Таа и припадна на претставата „ЏЕКИ" на „Драмски театар" – Скопје, Македонија, Режија Жива Бизовичар, Актер Трајанка Илиева-Вељиќ. Мотото на фестивалот беше „Огледало на вистината", а таа вистина ја видовме во сите фестивалски вечери, и вистина дека најуспешните се тука во Битола, градот на културата, градот на уметноста, градот на Браќата Манаки првите снимателина Балканот.

ВИНСКИ ФЕСТИВАЛ

Битола доби нова мајска фестивалска приказна, во која виното, музиката и градското дружење се споија на едно од најпрепознатливите места во градот, платото пред Офицерски дом. На третата фестивалска вечер градоначалникот Тони Коњановски го посети ова прво издание на Винскиот фестивал Битола. Фестивалот беше замислен и така се случи, нов градски настан што ја надополни културно-забавната понуда на Битола и создаде уште еден повод за дружење, дегустација и уживање во отворена фестивалска атмосфера.И со ова Битола на туристичката мапа на Македонија уште еднаш се етаблира како град на културата, отворен град и за посетителите кои што беа во голем број.





ДИРЕКТОРОТ НА „ЏЕЗ ФАКТОРИ ФЕСТИВАЛОТ" СО ГОСТИ ОД ФЕСТИВАЛОТ НА ПРИЕМ КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА БИТОЛА



Деветтото издание на „Џез фактори фестивалот" кое се одржуваше во Битола, Скопје, Демир Хисар и Охрид беше со учество на уметници од Франција, Австрија, Албанија, Унгарија, Полска, Црна Гора, Србија и Македонија. Директорот и основач на фестивалот Сашо Поповски со гости од Србија и Црна Гора, директори на тамошните фестивали имаа прием кај градоначалникот Коњановски.

„ТАНЦ ФЕСТ" ВО БИТОЛА



Со моќната изведба на „Будење" во кореографија на Рисима Рисимкин во Народниот театар Битола се затвори 22-то издание на „Танц фест". „Пред претставата задоволство беше да ја примам Специјалната награда „Менада" за поддршка на развојот на современиот танц", рече градоначалникот. „Будење" носи силна сценска енергија и колективно искуство што ги поврзува личното и општественото.





ВО НАПРЕДНА ФАЗА Е РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ОБЈЕКТОТ НА НЕКОГАШНОТО КИНО „ПАРТИЗАН"

Работната посета на тогашниот министер за култура и туризам Зоран Љутков започна со работен состанок во кабинетот на градоначалникот на Битола. На средбата со градоначалникот Тони Коњановски и секретарот на Општина Битола Борче Димитровски, се разговараше за тековните проекти, предизвиците и идните можности за развој на културата и културниот туризам во градот. Според Љутков, Битола отсекогаш била еден од најсилните столбови на македонската култура, уметност и духовност.Посетата продолжи на локацијата каде во тек се градежните активности за реконструкција на поранешното кино „Партизан" во Битола.









КОНЦЕРТ НА ЗДРАВКО ЧОЛИЌ ВО БИТОЛА

Битола беше центар на музичките настани во Македонија и регионот. Задоволство беше мое, а секако и на многумина кои беа дел од овој спектакл, да уживаме во безвремените хитови на големиот Здравко Чолиќ, кој испеа над 40 песни пред околу 20.000 посетители на стадионот „Петар Милошевски".Чест и задоволство беше да поразговарам со него за најголемиот музички настан во историјата на Битола и регионот. Благодарност и за „Avalon International Booking" кои направија регионален спектакл во нашата Битола.

45-ТО ИЗДАНИЕ НА МАЛИОТ БИТОЛСКИ МОНМАРТР





". На платото Монмартр во старата чаршија беа доделени Сертификатите за учество, но и двете најголеми награди на фестивалот на ликовната уметност. Наградата најдобар ученик - учесник во име на Жири комисијата на Детското ликовно студио "Свети Кирил и Методиј" Битола ја додели Славчо Неделковски на ученичката од ликовното Ателје "Артино" од Белград - Србија Лена Павковиќ.Наградата за најдобро школо на колонијата од друга страна 45-ти пат по ред беше доделена на "Simply Art" од Хонг Конг - Кина на професорите Хенри Лау и Ирис Ли. Оваа награда во име на стручната жири комисија ја додели претседателот на Советот на Општина Битола Бојан Бојкоски. Над 100 учесници пет дена твореа во Битола во Старата чаршија, Широк Сокак и Офицерскиот дом и по еден работен ден во Охрид и манастирот „Св. Јован Бигорски".

ТРПЧЕСКИ ОДРЖА КОНЦЕРТ ВО ХЕРАКЛЕА

Симон Трпчески, светски познатиот македонски класичен пијанист, одржа концерт во античкиот театар во Хераклеја во Битола. На концертот присуствуваа и градоначалникот на Битола Тони Коњановски и претседателката на Македонија Гордана Силјановска Давкова.Трпчески е еден од најафирмираните македонски изведувачи и веројатно најдобриот македонски пијанист на сите времиња, а во исто време и еден од најголемите културни амбасадори на Македонија во светот.





СО ЈУБИЛЕЈНИОТ КОНЦЕРТ НА „ФОЛТИН", НА „ХЕРАКЛЕЈА" ЗАВРШИ УШТЕ ЕДНО УСПЕШНО ИЗАДАНИЕ НА „БИТ ФЕСТ"







Со јубилејниот концерт по повод 30 години постоење на битолската група „Фолтин" заврши битолски културно лето „Бит Фест 2026". Некои градови имаат публика, а Битола има соучесници, беше пораката на групата „Фолтин", што се потврди под отворено небо во „Хераклеја".
„Од неколкумина љубопитни до генерации луѓе што ги знаат песните наизуст" истакнаа од групата заблагодарувајќи се за како што велат, честа токму нивниот концерт да биде завршниот акорд на „Бит Фест 2026".
„Бит Фест" е фестивал кој ги обединува сите генерации, со програма креирана за секоја генерација од најмладите до највозрасните.И оваа година на програмата беа традиционалните манифестации кои се дел од годишната програма за култура, како „ Битола отворен град", „Илинденски денови", „Солстис", „Локум фест", „Бела ноќ на Широк Сокак", „Незаборав", а од годинава за прв пат и фестивалот „Битолски чалгиски денови" каде звукот на чалгијата и радоста одекнаа од Старата чаршија.Интересот и присутноста на публиката на секој настан, големите аплаузи беа награда за уметниците, но и за Културниот и информативен центар кој за првпат годинава го реализираше овој фестивал со поддршка на Општина Битола.

СВЕЧЕНО ОТВОРЕНО 47-ТО ИЗДАНИЕ НА ФЕСТИВАЛОТ „БРАЌА МАНАКИ"

Битола беше домаќин на уште една издание на фестивалот посветен на првите снимателите на Балканот браќата Милтон и Јанаки Манаки. На големата сцена на Центарот за култура, свечено беше отворен 47-от Интернационален фестивал на филмската камера „Браќа Манаки", во присуство на претседателката на Македонија Гордана Силјановска Давкова, градоначалникот на Битола Тони Коњановски, министри, пратеници, лауреатите, филмските работници и љубителите на филмската уметност.Актерот Петре Арсовски беше годинашен добитник на наградата „Голема ѕвезда на македонскиот филм", која Друштвото на филмските работници на Македонија (ДФРМ) ја доделува за исклучителен придонес кон македонската кинематографија.
Џеф Кроненвет беше годинашен лауреат на Специјална Златна камера 300 за особен придонес во филмската уметност, а наградата му ја врачи градоначалникот на Битола Тони Коњановски. Лауреатот на наградата Златна камера 300 за животно дело е визуелниот генијна Холивуд, Дан Лаустсен. Наградата му ја врачи претседателката на Македонија Гордана Силјановска Давкова. Фестивалот беше отворен со македонскиот филм „Скејтањето не е за девојчиња" во режија на Дина Дума.







БАДНИКОВАТА ПОВОРКА ВО БИТОЛА ГО НАЈАВИ ХРИСТОВОТО РАЃАЊЕ

Бадник, ден пред Божик...денот кога ја чекаме радосната вест за Христовото раѓање.Традиционално во Битола се одржа Бадниковата поворка. Младите бадникари со своите најблиски од плоштадот „Магнолија", го исполнија соборниот храм „Св. Великомаченик Димитриј", а од таму низ Широк сокак пеејќи ја песната „Вечниот бог" до Офицерскиот дом каде се наоѓаше големата пештера, беа пречекани и од градоначалникот на Битола, Тони Коњановски, кој им го честиташе Бадник и Божиќните празници, дарувајќи ги со Бадникови подароци.



ПРАЗНИЧЕН КОНЦЕРТ „ПРЕМИН 26", ПОВЕЌЕ ОД МУЗИЧКО ДОЖИВУВАЊЕ





Во големата сала на Народниот театар се одржа празничниот концерт „Премин 26", музички проект на Оливер Јосифовски.На концертот присуствуваше и градоначалникот на Битола.Тоа беше проект кој ја бриши границата меѓу жанровите. Звукот, светлината и тишината се испреплетуваа во искуство што не се слуша само со уши, туку се прима со срце.



СО „ВЕСЕЛ ПЕТОК" СЕ ОДБЕЛЕЖУВА ИСТОЧЕН ПЕТОК БАЛАКЛИЈА, ПОЗНАТ КАКО ГРАДСКИ СЕЛСКИ ВЕЛИГДЕН

Традицијата продолжи во населбата Јенимаале каде се одржа тридневниот фестивал „Весел Петок", со кој се одбележува празникот Источен Петок – Бајаклија или познат како Градски – Селски Велигден. Детскиот фолклорен фестивал „Весел Петок" го организира КУД „Илинден" и претставува вистинска прослава на традицијата, детската радост и фолклорното богатство.Фестивалот започна во малото училиште на ОУ „Даме Груев", а продолжи со дефиле низ Јенимаале и пригодна програма на долното сретсело, каде што присутен беше и градоначалникот на Битола Тони Коњановски и претседателот на Советот Бојан Бојкоски.Гостите од фестивалот имаа прием во кабинетот на градоначалникот на Битола.









БИТОЛА СИМБОЛ НА СПОРТСКИОТ ДУХ И СПОРТСКОТО ЗАЕДНИШТВО

РАКОМЕТНАТА ГОРДОСТ НА БИТОЛА ПРОДОЛЖУВА: НОВА ПЛАТФОРМА, НОВИ ПОБЕДИ





Градоначалникот на Битола Тони Коњановски и претседателот на РК „Еурофарм Пелистер" Зоран Стерјев, ставија потписи на договорот со кој продолжува платформата за ракометна Битола.Нема поголемо задоволство и чест заедно да продолжиме една успешна платформа која во изминатите шест години во три наврати ја продолжуваме, рече на потпишувањето на платформата градоначалникот Коњановски. Претседателот на клубот Зоран Стерјев изрази благодарност до општината, до градоначалникот за досегашната соработка, за периодот во кој како што рече, ја обликуваа натамошната соработка за комплетниот ангажман.

ФИФА ЖЕНСКАТА ФУДБАЛСКА КАМПАЊА ВО БИТОЛА

ФФМ одлучи првиот од 10-те вакви настани да го организира во Општина Битола. Настанот се организираше на т.н. Кумурното игралиште, а на него учествуваат 50-тина девојчиња на возраст од 8 до 10 години, од основните училишта во рамки на општината, како и од женските фудбалски клубови од општина Битола.
Сите девојчиња учесници добија маица, шорцеви и капче брендирани со проектот, во рамки на препораките добиени од страна на ФИФА.
Амбасадор на настанот е македонската фудбалска репрезентативка Меланија Гроздановa, а настанот беше посетен и од целата женска А фудбалска репрезентација на Македонија која пред официјалниот тренинг ги поздрави девојчињата учесници.
На настанот беше присутен и градоначалникот на Битола, Тони Коњановски кој имаше поздравен говор, заблагодарувајќи му се на претседателот на ФФМ Масар Омерагиќ за соработката со Општина Битола и поддршката за спортот.





КОЊАНОВСКИ СО ШАМПИОНОТ РУСТЕМОВСКИ НА СРЕДБА НА ЛОКАЦИЈАТА КАДЕ ШТО СЕ ГРАДИ БОКСЕРСКАТА САЛА

Ален Рустемовски, боксерот на клубот „Пелистерски јунак" и македонски репрезентативец, кој настапи во категоријата до 60 килограми и беше победник на традиционалниот меѓународен боксерски турнир „Златен гонг", кој по 54-ти пат се одржа во Скопје, имаше средба со градоначалникот на Битола, Тони Коњановски, на локацијата каде што се гради боксерската сала. Оваа сала која е во изградба ќе биде модерен објект каде тој и сите кои се занимаваат со бокс во одлични услови ќе можат да тренираат.



ПО 67 ПАТ СЕ ОДРЖА НОЌНАТА АТЛЕТСКА ТРКА

Во рамките на одбележувањето на 4 Ноември, денот на ослободувањето на Битола, на Широк Сокак се одржа традиционалната Ноќна атлетска трка, во организација на Сојузот на спортови на Битола, со поддршка на Општина Битола.Оваа манифестација, која се одржува по 67-ми пат е најстарата спортска манифестација во Битола.

Учествуваа над 700 учесници, основци, средношколци, студенти, граѓани и ветерани. Натпреварите се одвиваа во 24 категории, во машка и женска конкуренција.
Дел од наградите на најдобрите натпреварувачи им додели градоначалникот на Општина Битола, Тони Коњановски, кој истакна дека манифестацијата претставува симбол на спортскиот дух и заедништвото на битолчани.





70 ГОДИНИ РАКОМЕТНА БИТОЛА

„Нашиот клуб, нашата гордост-предизвици и можности", беше насловот на јавната трибина која се одржа во рамките на прославата 70 години ракометна Битола.
Градоначалникот на Битола, Тони Коњановски упати честитка до клубот, до ракометарите, до навивачката група Чкембари по повод овој голем јубилеј и до сите оние кои се дел од ракометниот свет.



ПРОГЛАСЕНИ НАЈДОБРИТЕ СПОРТИСТИ НА БИТОЛА ЗА 2025 ГОДИНА

Битола градот на спортот, по 62-ри пат ја одржана манифестацијата Избор на најдобрите спортисти и екипи на Битола за 2025 година.Присутните ги поздрави претседателот на Општинскиот сојуз на спортови Сашко Павловски, се обрати градоначалникот на Битола, Тони Коњановски, а во име на министерството за спорт и млади, Илија Ристевски.„Како Општина Битола продолживме и продолжуваме да вложуваме во спортската инфраструктура, професионалниот и училишниот спорт.Секаде со големи букви е запишано и докажано дека Битола е најспортскиот град во Македонија" рече градоначалникот на Битола Тони Коњановски.„Пелистер Волеј" и пинг понг клубот „Пелагонија" третонаградени, второнаграден КК „Пелистер" и првонаграден РК „Еурофарм Пелистер". По наградените најдобри сениорски, младински екипи и најдобри младинци, следуваше изборот на 10-те најдобри спортисти.Леа Бошевска од Кик Бокс „Самурај" третонаградена, второнаграден Никола Митревски од РК „Еурофарм Пелистер", а првонаградени Ален Рустемовски од боксерскиот клуб „Пелистерски јунак" и Филип Кузмановски од РК „Еурофарм Пелистер".Доделена беше плакета на семејството на Зоран Петковски.







КОШАРКАРСКИ ТУРНИР

Младите спортисти направија вистински спортски празник во Битола. По 14-ти пат се одржува меѓународниот Велигденски кошаркарски турнир во организацијата на кошаркарскиот клуб „Младост" Битола.Од 2010 година турнирот се развиваше и годинава прерасна во препознатлив знак на Битола и Македонија, турнир на кој што во изминатите години учествуваа 80 екипи со преку 1100 учесници од Македонија, Хрватска, Црна Гора, Србија, Косово, Грција, Бугарија и Италија.Годинава е најмасовен собир на млади кошаркари и кошаркарки со околу 400 учесници, собир на млади надежи од Македонија и Грција со учество на 7 екипи во категориите момчиња и девојчиња родени 2014, 2015, 2016, 2017 и помлади, а во ревијалниот натпревар и од 2018 до 2021, значи и деца од 4 години кои се вклучени во турнирот, а се од кошаркарски клубови од Битола, Прилеп, Кавадарци, Охрид и соседна Грција.





МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО СПОРТСКИОТ КЛУБ „СПЕЦИЈАЛНА ОЛИМПИЈАДА- БИТОЛА"

Општина Битола и Спортскиот клуб „Специјална олимпијада – Битола" потпишаа Меморандум за соработка со цел воспоставување стратегиска, долгорочна и одржлива соработка насочена кон развој и поттикнување на спортските активности и инклузијата на лица со интелектуални попреченост.



ЗЛАТО И СРЕБРО И ПЛАСМАН НА КК „ЗАНШИН ДО" ЗА ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО

Членови од КК „ЗАНШИН ДО"-Битола на прием во кабинетот на градоначалникот на Битола, Тони Коњановски.Тие со својот тренер Стевка Јанковска-Петковска го информираа градоначалникот за успесите на натпреварите, меѓу кои и на Државното првенство за кадети-јуниори кое се одржа во ОУ „Крсте Мисирков" во нас. Ченто, каде битолскиот клуб се закити со злато и сребро во ката тим. Градоначалникот Коњановски им честитате за одличните резултатите и за тоа што се вистински спортски амбасадори на Битола.



РЕБРЕНДИРАЊЕ НА АК „ОЛИМП"





Заедно со претседателот на Советот, Бојан Бојкоски присуствував на ребрендирањето на АК „Олимп", клуб кој Битола ја прави центарот на македонската атлетика, а кој потпиша договори со 15 репрезентативци. Ова е историски ден за битолската атлетика и АК „Олимп". Клубот се ребрендира и ја доведе скоро цела македонската репрезентација во своите редови, јасно наметнувајќи ја улогата на лидер на атлетскиот спорт во земјата. Сонот за Битола - спортски град веќе е реалност.Јас и претседателот на советот, дадовме безрезервна поддршка за новиот почеток на АК „Олимп".



ВАЖНИ НАТПРЕВАРИ ВО БИТОЛСКАТА КУГЛАНА



Битолската куглана заради тоа што ги исполнува сите критериуми и квалитет за да може да се направат квалитетни тренинзи беше место каде се подготвуваа и машката и женската сениорска кугларска репрезентација за светското првенство во Австрија.

Чест и задоволство беше да се проследи поединечното првенство во сениорска конкуренција во куглање и да се слушне дека кугланата во Битола ги има најубавите услови за овој спорт. Квалификациите, осминафиналето и четврфиналето се играа во Скопје, а полуфиналето и финалето во битолската куглана.Во машка конкуренција двајца куглари од „Макпетрол", еден од „Вардар", еден од „ГТЦ", а во женска конкуренција три кугларки од „ГТЦ" и една од битолскиот клуб „Пелистер".Со директорот на ЈП „Комуналец" Горан Степановски, кое стопанисува со оваа куглана градоначалникот ја имаше честа да ги додели наградите, а претседателот на федерацијата Дарко Димитровски не пофали дека она што Општина Битола го прави за куглањето, ниту една друга општина го нема направено.

ФУДБАЛСКИ ТУРНИР КОНЗУЛИ ВЕТЕРАНИ



Со претседателот на Советот Бојкоски имавме чест да присуствуваме на фудбалскиот турнир по повод 10 години Конзули ветерани Битола. Ова е настан кој ги обединува пријателството, традицијата и љубовта кон фудбалот. На турнирот учествуваат домашни екипи од Битола, две екипи од Србија и една од Бугарија.



НОВА ПОДДРШКА ЗА РК „ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР"



Градоначалникот на Битола Тони Коњановски присуствуваше на објавата на влегувањето на нови спонзори во ракометниот клуб „Еурофарм Пелистер". Станува збор за групацијата на „Пелистерка", „ЗК Пелагонија" и „Здравје Радово". Претседателот на клубот Зоран Стерјев кажа дека во изминатиот период многу интензивно работеа на продолжување на ракометната платформа заедно со општината, на привлекување дополнителни спонзори кои што ќе го зајакнат капацитетот на клубот.Градоначалникот на Битола, Тони Коњановски рече дека успешната приказна на „Еурофарм Пелистер" и Општина Битола преку платформата со ова нова додадена вредност која ја имаме сега со спонзорството, продолжува и понатаму за што сме горди со овој клуб. Договорот во име на групацијата го потпиша сопственикот Цветан Панделевски кој кажа дека му е чест што ја доби можноста финансиски да помогне на овој успешен клуб да продолжи со успехот кој досега го имаше.По потпишувањето на договорот, Панделевски од страна на клубот доби дрес со неговотото презиме и бројот 27, кој всушност е денот на неговиот роденден.





ТРЕТА ГОДИНА ПО РЕД „ SMOLEVO UP HILL RACE"



Со одлична енергија, спортски дух и врвна организација, по трет пат успешно се одржа „Smolevo Up Hill Race", во организација на велосипедската федерација и „Extreme Bike Bitola", со поддршка на Општина Битола. Над 100 велосипедисти од цела Македонија беа дел од оваа возбудлива трка, покажувајќи посветеност, издржливост и љубов кон велосипедизмот..Наградите ги додели претседателот на Советот на Општина Битола Бојан Бојкоски.

„МИНИ ТРЧАЈ БЕ" ГИ ОБЕДИНИ СИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

Повеќе од 800 деца и над 1.000 родители, баби, дедовци и публика која дојде да ужива со најмладите, го исполнија битолското шеталиште со енергија каква што може да донесе само детската радост. Четвртото издание на „Мини Трчај бе" уште еднаш покажа дека Битола знае да биде добар домаќин на настани кои ги обединуваат семејствата, го промовираат спортот и создаваат спомени што долго се паметат.







„ТАВ МАКЕДОНИЈА" СТАНА СПОНЗОР НА МЛАДИНСКИОТ ФУДБАЛ НА ФК „ПЕЛИСТЕР"

ТАВ Македонија, подружница на ТАВ Аеродроми и членка на АДП-групацијата стана спонзор на младинскиот фудбал на ФК Пелистер од Битола.Поддршката има за цел подобрување на квалитетот, конкурентноста и меѓународното искуство на младите фудбалери и младинскиот фудбал преку организирање контролни натпревари и учество на домашни и меѓународни турнири во подготвителниот зимски период и натпреварувачката полусезона 2026 „Инвестицијата во младите е клучна за нашето општество, за спортска Битола, за иднината на младите, за нивниот развој во силни личности. Поддршката ќе има улога во обезбедување подобри услови за спортски развој на младите, јакнење на нивниот натпреварувачки дух, тимска работа и спортска дисциплина", рече Тони Коњановски, градоначалник на Општина Битола.





Генералниот директор на ТАВ Македонија рече дека особено го радува тоа што од логото на ТАВ Аеродроми ќе биде присутно на ракавот на новиот дрес на ФК Пелистер, како симбол на нашата поддршка за развојот на младите фудбалери, нивните амбиции и нивниот пат кон идните успеси.„Со ова спонзорство придонесуваме не само за развојот на идните професионални фудбалери, туку и за здравјето и благосостојбата на повеќе од 400 деца кои активно тренираат во младинските категории на ФК Пелистер.Исто така, сакам да ви се заблагодарам за дресот кој што ми го подаривте, кој секогаш ќе ме потсетува на почетокот на нашето партнерство и за мене претставува симбол на доверба, припадност и заедничка амбиција за успех" изјави Нецат Курт, генерален директор на ТАВ Македонија.Со оваа соработка, ТАВ Македонија ја потврдува својата посветеност кон општествената одговорност, овој пат со поддршка на над 400 деца и младинци, кои се дел од младинскиот фудбал на ФК Пелистер и кои ја претставуваат иднината на овој македонски фудбалски клуб.

СВЕЧЕНО ОТВОРЕН ФУДБАЛСКИОТ ТЕРЕН „ПЕТАР УПАЛЕВСКИ-УПАЛЕ"

Градоначалникот на Битола Тони Коњановски присуствуваше на свеченото отворање на фудбалскиот терен кој го носи името на нашата фудбалска легенда „Петар Упалевски-Упале". Станува збор за донација на компанијата „Моцарт" како дел од иницијативата „Фудбалот е повеќе од игра", а досега вакви терени беа отворени Охрид, Велес и Свети Николе.На терен\от истрчаа младите фудбалери на ФК „Пелистер" (зелениот и белиот тим), а првиот шут го направи Петар Упалевски.



„ТРЧАЈ БЕ" ДОНИРАШЕ СПОРТСКИ РЕКВИЗИТИ ЗА БИТОЛСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА





Популарната и најмасовна детска трка „Трчај бе" дониираше спортски реквизити за основните училишта во Општина Битола.
Донацијата се состои од кошаркарски, ракометарски, топки за одбојка и за фудбал.
Вредно е да се напомене дека „Трчај бе" секоја година им овозможува на ученици од социјално ранливи категории од основните училишта и деца од градинките да учествуваат во детската трка без котизација, со што ја покажува општествената одговорност кон сите во заедницата.

СПОРТСКИ ИГРИ ЗА МЛАДИТЕ, „ДЕН НА СПОРТОТ" ВО БИТОЛА

Во спортската сала „Боро Чурлевски" во Битола се одржа настанот „Ден на спортот" кој се реализира во рамки на програмата Спортски игри за младите-најголемата аматерска спортска манифестација за деца и млади во Европа, со повеќе од 29 години традиција и која оваа година Федерацијата на училишен спорт на Македонија ја реализира на територијата на Македонија.Овој еднодневен спортско-едукативен настан наменет за деца од основните училишта промовира масовно и бесплатно учество во спортот, инклузивност, родова еднаквост, здрави животни навики и фер игра.

Во рамките на настанот децата се натпреваруваат во „народна ", атлетика-трчање на 60 метри, како и во други спортови.Општина Битола која даде поддршка на настанот, претставува значаен промотор и поддржувач на младите и спортот како и масовната физичка активност и здравиот начин на живот.Кока-Кола Куп е најголемиот малоклубен фудбалски турнир во Европа, организиран дванаесетти пат по ред под капата на Плазма спотските игри на младите.





ФАН ШОП НА ФК „ПЕЛИСТЕР"

Со голема љубопитност и задоволство го посетив официјалниот Фан Шоп на ФК „Пелистер" сместен во стадионот „Петар Милошевски".Бев речиси меѓу првите кој си купи дрес и заедно со останатите фанови кои го посетија испишавме историја.За првпат во 81 година постоење, ФК „Пелистер" го отвори својот официјален Фан Шоп.



ИСТОРИСКИ УСПЕХ НА БИТОЛСКИТЕ КУГЛАРИ



Прием кај градоначалникот на Битола Тони Коњановски на кугларите и нивниот селектор кои на Светското првенство во Австрија направија историски успех. Четири сребрени медали од две тандем дисциплини.Стефанија Алексовска и Дарко Јовановски светски вицешампиони во Тандем микс на Светското првенство во Австрија, постигнувајќи исклучителен резултат за македонското куглање. Сребрени медали во дисциплината Тандем жени за Стефанија Алексовска и Андреа Велјановска, за кои тренерот Игор Михајловски вели дека се надминаа самите и изиграа во клучни мигови врвно.Градоначалникот Коњановски им честиташе посакувајќи им уште многу спортски успеси.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ СО НОВИОТ ТРЕНЕР НА РК „ЕУРОФАРМ ПЕЛИСТЕР" ЛИНО ЧЕРВАР

Градоначалникот на Битола Тони Коњановски имаше средба со новиот тренер на РК „Еурофарм Пелистер" Лино Червар.Червар и официјално е тренер на РК „Еурофарм Пелистер", а потпиша договор на три години.Коњановски му посака добредојде и спортски успеси него и на ракометарите на клубот.Червар на средбата со градоначалникот беше придружуван и од претседателот на клубот Зоран Стерјев, потпретседателот Бојан Стерјев и спортскиот новинар Зоран Мишевски.





14 ИЗДАНИЕ НА „PELISTER DOWNHILL CUP"




Битола повторно беше центар на спортот, младоста и натпреварувачкиот дух, а традицијата продолжи и годинава.На 14 издание на„ Pelister DH Cup" учествуваат 63 натпреварувачи од Македонија, Србија, Бугарија, Грција, Кипар, Албанија.Адреналин, врвни спортски перформанси и љубов кон планинскиот велосипедизам повторно ги обединија натпреварувачите на Пелистер.Општина Битола продолжува да стои зад спортските настани и иницијативите што ја промовираат нашата општина, рече претседателот на Советот Бојан Бојкоски, кој ја имаше честа на дел од најдобрите да им ги врачи признанијата.

БИТОЛА БЕШЕ ГРАД НА ТРЧАЊЕТО



Над 1.500 тркачи од 18 земји беа дел од 8-мото издание на ТРЧАЈ БЕ 2026, спортска манифестација која од година во година расте и ја зацврстува позицијата на Битола како значајна дестинација за спортски туризам во регионот.Низ улиците на Битола денес трчаа натпреварувачи од различни земји, бодрени од бројна публика, волонтери и сите оние кои беа дел од организацијата и реализацијата на трката.ТРЧАЈ БЕ е спортски настан, но и приказна за Битола како отворен и активен град кој преку спортот привлекува гости, создава дополнителна вредност за локалната економија и се промовира надвор од границите на државата.

НОВА РАКОМЕТНА ПЛАТФОРМА, СЕГА СО ЖРК „ПЕЛИСТЕР 2012" БИТОЛА



На седница на Советот на Општина Битола се најде договорот, односно ракометната платформа меѓу Општина Битола и Женскиот ракометен клуб „Пелистер 2012" Битола. Цел на оваа платформа е поддршка на активностите, развојот и промоцијата на спортот-ракометот кај женската популација во Општина Битола. Ова беше дискутирано на средбата на градоначалникот на Битола Тони Коњановски и претседателот на Советот Бојан Бојкоски со првите луѓе на клубот и ракометарките.




ОКОЛУ 500 УЧЕСНИЦИ НА ЕСЕНСКИОТ КРОС ВО БИТОЛА





Во Градскиот парк во Битола, се одржа „Есенски крос", масовен спортско-рекреативен настан на кој учествуваа ученици од основните и средните училишта од Битола.На кросот учествуваа околу 500 ученици, кои преку заедничката спортска активност имаа можност да се натпреваруваат, да се дружат и да ја промовираат физичката активност и здравиот начин на живот.„Есенскиот крос" беше реализиран во рамките на Европската недела на спортот 2026, иницијатива на Европската комисија чија цел е да ја поттикне физичката активност, рекреацијата и здравиот начин на живот кај граѓаните од сите возрасти.Масовното учество на учениците придонесе настанот да има силна локална димензија и да испрати јасна порака за значењето на редовната физичка активност уште од најмала возраст.



ВО БИТОЛА ТУРНИР ВО ФУТСАЛ ВО РАМКИТЕ НА ЕВРОПСКАТА НЕДЕЛА НА СПОРТОТ

Се одржа турнир во футсал што е еден од двата настани со кои во Битола се одбележуваше Европската недела на спортот од 23 до 30 септември. Младите спортисти имаа турнир во футсал на стадионот со вештачка трева „Петар Упалевски-Упале", а промотори на настанот беа фудбалери и фудбалерски од ФК и ЖФК „Пелистер". Настанот го посети градоначалникот на Битола Тони Коњановски истакнувајќи ја големата поддршка кога станува збор за младите и за спортот. На турнирот учествуваа вкупно 100 ученици, се одиграа вкупно 8 (осум) натпревари, а децата имаа можност преку спортско натпреварување, дружење и заеднички активности да ги промовираат спортскиот дух, фер-плејот, тимската работа и меѓусебното почитување. Европската недела на спортот (EWoS) е иницијатива на Европската комисија со цел да ја поттикне физичката активност, рекреацијата и здравиот начин на живот кај граѓаните од сите возрасти. Националниот координативен орган (НЦБ) со гордост ја имплементира оваа кампања преку бројни настани, активности и истражувачки процеси ширум земјата. Организацијата е на Министерството за спорт со поддршка на Општина Битола, а настаните кофинансирани од Европската унија.







ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ДАТУМИ И ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ

Настани од колективната меморија

БИТОЛА ГО ОДБЕЛЕЖА ДЕНОТ НА ЗАШТИТНИКОТ НА ГРАДОТ „СВЕТИ НЕКТАРИЈ БИТОЛСКИ"

Во Соборниот храм „Свети Великомаченик Димитриј", со утринска богослужба и Света Божествена Литургија, со која чиноначалствуваше неговото преосвештенство Епископ Велички г. Никола во сослужение со свештенството, започна одбележувањето на Денот на заштитникот на Битола, „Свети Нектариј Битолски". На Светата Божествена Литургија присуствуваше и градоначалникот на Битола, Тони Коњановски и претседателот на Советот, Бојан Бојкоски. Исто така, следуваше Литија со моштите на „Свети Агатангел Битолски", а во чест на патронот и заштитникот на Битола „Свети Нектариј Битолски".





ДОДЕЛЕНИ ЧЕТВРТОНОЕМВРИСКИТЕ НАГРАДИ

На Свечената академија по повод одбележувањето на 81-та годишнина од ослободувањето на Битола, традиционално беа доделени наградите на поединци и институции за едногодишни достигнувања, како и највисоката општинска награда за животно дело.Управниот одбор на Фондот за доделување на наградата 4-ти Ноември, по пристигнатите пријави, одлучи наградата за животно дело, да ја добие ликовниот уметник и педагог Панде Петровски.

Според одлуката на Управниот одбор, за едногодишни постугнувања наградени се следните кандидати, од областа на културата и образованието: Игор Трајковси Фоја – автор, визуелен уметник, писател, поет, драмски автор и културен активист, Мартин Мирчевски – актер и режисер во Националната установа Народен театар Битола, Дарко Секуловски – награден за културен придонес во промоција на градот Битола и основно училиште со ресурсен центар „Кочо Рацин".

СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ПОМИРУВАЊЕТО ВО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА 11 НОЕМВРИ



На Српските воени гробишта во Битола, градот со длабоки историски корени и неизбришливи спомени од минатото, на достоинствен и свечен начин беше одбележан Денот на помирувањето во Првата светска војна.
По повод 107 години од пробивањето на Солунскиот фронт, беше оддадена почит на паднатите борци со положување на свежо цвеќе. На церемонијата присуствуваа градоначалникот на Битола, Тони Коњановски, високи политички претставници од Србија, претставници на амбасадата на Србија во нашата држава, пратеници од Собранието на Република Македонија, високи воени претставници од двете држави, како и претставници на Заедницата на Срби во Македонија.

ЗАЕДНИЧКА КОМЕМОРАЦИЈА НА ФРАНЦУСКИТЕ ВОЕНИ ГРОБИШТА ВО БИТОЛА

На Француските воени гробишта во Битола се одржа комеморативна церемонија по повод одбележувањето на примирјето од 11 ноември 1918 година и „Денот на народната жалост". Настанот, организиран од амбасадите на Сојузна Република Германија и Република Франција, беше посветен на споменот на сите загинати, повредени, исчезнати и прогонети во воените конфликти, без разлика на нивната национална припадност.





ПО ЧЕТВРТИ ПАТ ВО БИТОЛА СЕ ОДРЖА ГОДИШНА СРЕДБА НА АРХИТЕКТИ И АРХИТЕКТИ УРБАНИСТИ

Во организација на Комората на овластени архитекти и инженери, во Офицерски дом се одржа четвртата годишна средба на архитекти и архитекти урбанисти. Темата на годинешната средба е „Архитектурата утре". Покрај претседателот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Дејан Метикош, на средбата се обрати и градоначалникот на општина Битола, Тони Коњановски. На средбата присуствуваат голем број домашни и меѓународни експерти, кои со своите предавања, дадоа значаен придонес во оваа област, истакнувајќи ги визиите на архитектурата во нашата блиска иднина.





ПРОМОЦИЈА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ УСЛУГИ НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА

Аплицирај, плати и заврши се онлајн, без чекање и шалтери, е пораката која од плоштадот „Магнолија" во Битола ја испратија министерот за дигитална трансформација Стефан Андоновски и градоначалникот на Битола, Тони Коњановски, во рамките на кампањата за промоција на националниот портал за електронски услуги uslugi.gov.mk. Граѓаните беа запознати со електронските услуги на администрацијата, за компаниите за потврди за стаж и вработување, потврди за неосудуваност, услуги од Агенцијата за храна, граѓаните пак за тоа како да извадат изводи, уверенија, потврди, лични карти, патни исправи и услуги од Катастар.



ВО БИТОЛА ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ПОЖАРНИКАРИ

Пожарникарите од Територијалната противпожарна единица на Битола го одбележуваа 20-ти мај Денот на македонските пожарникари.
На свеченоста која што се одржа пред зградата на противпожарната единица свежо цвеќе на спомен плочата положија градоначалникот на Битола Тони Коњановски, делегација на Советот предводена од претседателот Бојан Бојкоски, советници и други делегации, како и градоначалниците од Новаци и Могила, бидејќи оваа противпожарна единица е надлежна и за овие две општини.Ова е најстарата противпожарна едница во Македонија и една од најстарите на Балканот, формирана во 1836 година.





ПО ПОВОД ДЕНОТ НА ЕВРОПА И ДЕНОТ НА ПОБЕДАТА НАД ФАШИЗМОТ ПОЛОЖЕНО СВЕЖО ЦВЕЌЕ



Во Битола со полагање свежо цвеќе беше одбележан 9-ти мај Денот на Европа и Денот на победата над фашизмот.Градоначалникот на општина Битола Тони Коњановски, делегација на Советот на Општина Битола, претставници на општинската организација на Сојузот на борци, на политички партии и здруженија по повод 9 Мај – Денот на Европа и Денот на победата над фашизмот, положија свежо цвеќе пред Споменикот на НОАВМ на Плоштадот „Гоце Делчев", оддавајќи им почит на борците од Народно ослободителната борба.

РАБОТИЛНИЦА ЗА АНГАЖМАНОТ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА ВО УПРАВУВАЊЕ СО ПОПУЛАЦИЈАТА НА КУЧИЊА





Состанок на општините од овој Пелагониски регион во Битола организираше Агенцијата за храна и ветеринарство на тема „Ангажманот на локалната заедница во управување со популацијата на кучиња. Главна цел беше да се прикаже управувањето со популацијата на бездомните и напуштени кучиња како алатка за одржување на бројот, составот и стабилноста на вкупната популација на кучиња преку заеднички пристап, ангажман и вклучување на сите релевантни чинители. Пред присутните се обрати градоначалникот на Битола Тони Коњановски кој зборуваше за решението кое пред неколку години го презеде општината, како и за функционирањето на прифатилиштето „Хачико", и проблемите кои се предизвик за решавање.

СО НОВИ ВОЗИЛА СЕ МОДЕРНИЗИРА БИТОЛСКАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА





Територијалната противпожарна единица на Битола беше модернизирана со теренско противпожарно возило- џип со специјална надградба и противпожарно возило-цистерна. Оваа опрема ќе овозможи побрза реакција, подобра мобилност на непристапни терени и поефикасно справување со пожари во шумски и рурални средини.Обезбедени се во рамките на проектот „FIREFLY-заедничка прекугранична иновативна заштита и превенција од шумски пожари", проект кој носи конкретни придобивки за граѓаните на Битола, Пелагонискиот регион и прекуграничната област.

СО НОВИ ИНВЕСТИЦИИ ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО КЛИНИЧКАТА БОЛНИЦА







Со претседателот на Владата Христијан Мицкоски и министерот за здравство Сашо Клековски ја посетивме Клиничката болница Битола, каде директорката Ненси Лозанче информираше за се она што во изминатите две години е сработено, односно инвестирано во Клиничката болница во Битола, како од опрема и во човечки ресурси, така и во реновираните делови на клиниката.

Премиерот истакна дека здравството е еден од врвните негови лични приоритети, но и приоритети на Владата, додавајќи дека за жал, тоа е процес којшто бара време, бара енергија, трпение, но најмногу од сè бара пари, затоа што тоа што е уништувано со години, односно со децении, за жал преку ноќ не може да се исправи.

Исто така информираше дека како Влада оваа година рекордно се издвојува веќе повеќе од 1 милијарда евра за здравството и потребите на граѓаните за здравствени услуги и рече дека ваков тип на проекти за него се импресивни и им честиташе на директорката и на вработените во Клиничката болница во Битола.

Нагласи дека целта е целосно реновирање, доекипирање и од човечки капацитет, но и преку опрема, апаратура неопходни за да се дадат здравствените услуги на граѓаните, она што им е потребно.

СЕДНИЦА НА ЛОКАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА



Се одржа седница на локалниот Совет за превенција, со кој претседаваше градоначалникот на Битола, Тони Коњановски.Беа отворени повеќе теми на кои претставници на институции ги истакнаа состојбите и во делот на превенцијата и во делот на санкционирањето, а беа од СВР Битола, Центарот за социјални работи, од ЈП „Комуналец" за прифатилиштето „Хачико", како и од противпожарната единица на Битола.

25 ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ЕДИНИЦАТА ЗА БРЗО РАСПОРЕДУВАЊЕ

Во Битола се одржа централниот настан по повод одбележувањето на 25 години од формирањето на Единицата за брзо распоредување. Граѓаните два дена претходно имаа можност да проследат дел од професионалноста, подготвеноста и вештините на припадниците на ЕБР, со вежбовни активности на единицата на платото на Офицерскиот дом.
На настанот се обрати министерот за внатрешни работи Панче Тошковски кој рече дека безбедносните предизвици денес се многу поразлични од оние пред 25 години. Директорот на Бирото за јавна безбедност Александар Јанев на градоначалникот на Битола, Тони Коњановски му додели плакета.





КАРАВАНОТ „СИЛНО СВЕТНАЛ ДЕН“ ПО ПОВОД 35 ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ

Силно светнал ден во Битола, нека ни е вечна Македонија, едногласна беше пораката на многубројната публика која беше дел од програмата за прославата на независноста на Македонија. Спектакуларно и претесно беше на платото пред Офицерскиот дом во Битола каде пристигна караванот со музичко-сценскиот спектакл „Силно светнал ден", по повод 35 години независност на Македонија.







ВО ТРНОВО СЕ ОДРЖА 55-ТА СЕМАКЕДОНСКА СРЕДБА

Потпелистерското село Трново, односно дворот на црквата „Успение на Пресвета Богородица“ е местото каде што секоја година се одржува Семакедонската средба, годинава по 55-ти пат.Во своето обраќање пред присутните градоначалникот на Битола Тони Коњановски рече дека културата, традицијата, меѓусебното почитување и зајакнувањето на нашите врски на соработка и разбирање не прават уште посилни исправени пред предизвиците на денешницата.





8 СЕПТЕМВРИ – ДЕНОТ НА НЕЗАВИСНОСТА НА МАКЕДОНИЈА!





На денот на одбележување 35 години од независноста на Македонија, бројни делегации положија свежо цвеќе на споменикот на НОАВМ во Битола. Со овој настан на одбележување на 35 годишнината од историското референдумско „ДА" за независна Македонија, се оддаде почит на сите што со визија, жртва и идеја ја градеа современата македонска држава. Градоначалникот Коњановски во честитката до граѓаните истакна дека нашата независност не е само датум од историјата – таа е секојдневна борба, грижа, но и надеж.

МЕМОРИЈАЛЕН КОШАРКАРСКИ ТУРНИР „ЗОРАН ПЕТКОВСКИ – ПЕТКОТО"

Во спортската сала „Боро Чурлевски" беше организиран првиот меморијален кошаркарски турнир посветен на битолската кошаркарска легенда Зоран Петковски. Турнирот го организираше новоформираниот кошаркарскиот клуб „Зоран Петковски – Петкото", а на него присуствуваа и членови на семејството Петковски. Во своето обраќање градоначалникот на Битола Тони Коњановски рече дека Зоран Петковски е името кои не се заборава, голем спортски работник, поранешен кошаркар.







ЗОО БИТОЛА ВО ЗНАКОТ НА ЕДУКАЦИЈАТА, МУЗИКАТА И ЉУБОВТА КОН ПРИРОДАТА!

Се одржа едукативно-забавниот хепенинг во Зоолошката градина Битола, на кој беа доделени куќарки за птици наменети за основните училишта од Битола.Преку оваа активност, учениците имаат можност да научат повеќе за значењето на птиците во природата, потребата од нивна заштита и важноста на грижата за животната средина.Во периодот што следува, предвидена е реконструкција на три нови живеалишта, со што ќе се продолжи процесот на подобрување и осовременување на просторот во Зоолошката градина.







МАРШ НА СОЛИДАРНОСТА - ОДБЕЛЕЖАН МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА БЕЛИОТ СТАП





Лајонс клубот „Кабадаја" Битола го одбележа 15 Октомври – Меѓународниот ден на белиот стап. Заедно со Здружението на слепи лица маршираа низ Широк Сокак под мотото „Марш на солидарноста".Ова е традиционален марш за поддршка, подигнување на јавната свест и подобрување на квалитетот на животот на слепите и слабовидните лица.„Слепите не гледаат со очи, туку гледаат со срце! Да бидеме нивна поддршка" порачаа од Лајонс клубот „Кабадаја".На маршот се придружи и градоначалникот на Битола Тони Коњановски кој посочи дека Општина Битола продолжува во континуитет со поддршка за слепите лица, во насока на поголемо олеснување во нивното секојдневие.



„РОЗОВ ПУЛС ЗА БИТОЛА – ДА ГО СЛАВИМЕ ЖИВОТОТ!"



Во Офицерскиот дом во Битола се одржа настан „Розов пулс за Битола" со цел подигнување на свеста за значењето на навремената превенција и раното откривање на ракот на дојка, преку позитивен, интерактивен и охрабрувачки пристап, а во организација на Советот за социјална заштита и Советот за женско претприемништво на Општина Битола.Настанот ги обедини граѓаните, здравствените работници, психолозите, здруженијата и локалната заедница во заедничка порака за грижа, поддршка и солидарност со жените што се соочуваат со болеста. Битола вечерва има заеднички пулс. Пулс на грижа, поддршка, надеж и живот.

ОДБЕЛЕЖАН „11 ОКТОМВРИ" – ДЕНОТ НА НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ

На големиот македонски празник „11 Октомври" кој е симбол на македонската борба за слобода, во име на градоначалникот на Општина Битола свежо цвеќе положи и се поклони претседателот на Советот Бојан Бојкоски.Пред споменикот на НОАВМ свежо цвеќе положија и претставници на Советот на Општина Битола, претставници на Општинскиот сојуз на борци, претставници на политичките партии, оддавајќи им почит на сите народни херои кои ги положија своите животи за слободна и независна Македонија.



СЕ ОДРЖА ПРВОТО ИЗДАНИЕ НА „ЧКЕМБЕ ФЕСТ"







„Од котлето на традицијата до иднината на гастрономскиот туризам" беше мотото на првото издание на манифестацијата „Чкембе фест Битола 2026. Организатори се Здружението за културни, уметнички, традиционални и забавни активности „Гурман плус" Битола и Здружението за угостителство и туризам „Еснаф" од Битола, а со поддршка на Општина Битола. Свеченото отворање беше на плоштадот „Магнолија" каде пригодно обраќање имаше градоначалникот на Битола, Тони Коњановски. Се одржаа гастрономски натпревар и натпревари во подготовка на чкембе специјалитети, понуда на чкембе чорба од казан, презентација на храна и пијалоци од излагачи и производители на органска храна и презентација на македонското културно наследство.



Информативно гласило на Општина Битола,
Октомври 2026, бесплатен примерок

www.bitola.gov.mk

Уредува: Стево Башуровски
Компјутерска обработка: Стефан Тошески

